АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 15.03.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 1001 | 1254/1 | | |

# ПРЕДИЗБОРИЕ - 2024 ГОДИНА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ

## ОД 15 ФЕВРУАРИ ДО – 7 МАРТ

***Методолошки напомени***

Согласно со одредбата од членот 76-в на Изборниот законик (ИЗ), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) од 15 февруари 2024 година, го почна мониторингот на „медиумското претставување“ за претстојните претседателски и парламентарни избори. Според критериумот на - дневен досег повисок од 2,5 отсто - потврден според истражувањето направено од Market Vision, за периодот април-јуни 2023 година[1], за анализа се земени целодневните програмски сервиси на девет национални телевизии: *Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис на ЈРС Македонска радио-телевизија (МРТ1* и *МРТ2 - програма на албански јазик); ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител; ТВ Телма; ТВ 21-М* и *ТВ 24 Вести*.

Според „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси“[2], АВМУ во својот аналитички опфат пред сѐ ги селектира - прилозите во централните изданија на Вестите/ТВ Дневникот што се поврзани со теми за предизборието и со домашните актуелни општествено-политички случувања, како и другите видови емисии од овој тематски делокруг. Под методолошка опсервација се пред сѐ - почитувањето на новинарските начела и посебните забрани (*член 47-а; член 48; член 111*) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и следниве одредби од ИЗ за периодот на предизборието:

- ✓ Дали известувањето за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања – е во функција на нечие изборно медиумско претставување (*член 75-б и член 76-а став 12*)?
- ✓ Дали се почитува забраната за емитување платено политичко рекламирање (*член 75-д став 1*)?
- ✓ Дали се почитува забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства (*член 75-д став 4*)?
- ✓ Има ли случаи уредници, новинари, водители и презентери на радио и на телевизиски програми истовремено да учествуваат и во предизборни активности на политички партии, коалиции или на кандидати (*член 75-в*)?
- ✓ Дали огласите за собирање потписи за поддршка на кандидатури на независни кандидати се емитуваат согласно утврдените правила (*член 75-д, ставови 2 и 3*)?
- ✓ Дали се почитуваат правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење (*член 77, став 2*)?
- ✓ Дали ЈРС емитува дебати, согласно со пропишаното во ИЗ (*член 76-а, став 11*)?
- ✓ ЈРС и националните радиодифузери обезбедуваат информирање за лицата со оштетен слух и вид (*член 75, став 1*).

***Клучни наоди***

Во првата половина - од 15 февруари до 7 март - од т.н. „предизборие“, ретки беа новинарските информативни прилози (вести/вести во низа/извештаи) контекстуализирани или пренесени како партиски предизборни ветувања, а мошне чести беа нагласено критичките прилози (извештаи со коментар/осврт), потем разработени и низ интервјуа и низ дебати, за постојните, тековни општествено-политички последици од недоволно обмислени, лошо менаџирани политики на претходната и на одредени структурни делови (министерства/органи на државната управа/јавни претпријатија) од составот на преодната Влада. Во овој период, мониторингот не констатираше прекршувања на погореспоменатите одредби од ИЗ.

Освен редовните информации (вести/извештаи/соопштенија) од Државната изборна комисија (ДИК) во врска со календарот обврски околу организација на двојниот изборен процес, информативните редакции на МРТ 1 и на МРТ 2 емитуваа и дебати на предизборна тематика, што се задолжителен дел од програмската понуда на ЈРС Македонска радиотелевизија според членот 76-а, став 11 од ИЗ. Едно од своите изданија на ТВ Дневникот, редакциите на МРТ 1 (*од понеделник до петок – од 10 часот; сабота-*

---

[1] Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на ТВ станиците, за период април – јуни 2023 година, достапна на: https://shorturl.at/doW16

[2] Методологијата е достапна на: https://shorturl.at/ghkFO

*недела – од 13 часот*) и на ТВ 24 Вести (*секојдневно од 20 часот*) преведуваа и на знаковен јазик за лицата со оштетен слух.

Споредбено, општо земено, забележливи се различни степени новинарска критичка зрелост во односот кон т.н. „псевдонастани“ што во „предизборието“ како активен облик самопромоција ги организираат било партиите било одредени носители на јавни функции во составот на преодната Влада (настани што, на пример, можат да се најдат и под рубриката „Медија центар/Државата за граѓаните“, постојна на официјалното мрежно место - vlada.mk). Во однос на овие појави, произлезени од нагласеното партиско и правно-политиколошкото разногласие околу толкувањето на надлежностите и оперативната структура на преодната Влада, одредени редакции како појдовна позиција, како основен, нормативен ориентир ги земаа - „Законот за владата“, „Програмата за работата на преодната Влада – 2024 година“, „Изборниот законик“ и регулаторните насоки од Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), со заклучен коментар дека - освен формално, сѐ одново се покажува оти сиот тој нормативен ориентир не само што во периодите на (пред)изборната кампања речиси воопшто и не се зема предвид, туку веќе вообичаено, иронично поради неказнивоста, се занемарува како – вид политичка наивност.

Наспроти „псевдонастаните“, во првата половина од „предизборието“ новинарските редакции интензивно го насочија вниманието кон континуираниот, секојдневен силен наплив отворени (или, поради историјатот на акутната проблематика, подобро речено – „незатворени“) општествено-политички прашања, што неретко ги урива сите мерила за рационална (методолошка/уредувачка) селекција меѓу реалната и/или номиналната позиција од која јавно настапува одреден извршен политички фактор. Оттаму, одредени информативни редакции таквите секојдневни недоумици ги решаваа преку комуникациските можности на извештајот со коментар – со осврт кон архивата, кон причините за одредена политичка појава со подлабоко влијание врз постојните општествени текови. Типичните примери за таквата мошне сложена општествено-политичка ситуација со капиларно ширење на новинарската критичка потрага по политичка одговорност, неотчетност за комодитетот и општествените привилегии на позицијата политичар (посебно од стојалиште на власта), во овој дел од „предизборието“ најочебијно се појавија низ три доминантни теми:

– индивидуалната и општествената фрустрација од административните лавиринти за замената на документите за лична идентификација (*чести прилози во кои се слушна гласот и ставот на граѓаните/дијаспората и/или на најпогодените гранки од „стопанските комори“ – трговија, транспорт, туризам; политичкиот раскол од собраниските дебати за измена на законските одредби за продолжување на важноста на патните исправи; (не)можноста да се гласа на изборите со документи со старото име на државата*);

- каскадната одговорност за системска негрижа околу пациенти со ретки и/или со тешки заболувања, како и загрижувачката статистика за граѓани невакцинирани од т.н. „голема кашлица“ (*чести прилози во кои дејствителен, но отворено критикуван субјект беа – Владата/Министерството за здравство и Фондот за здравство, посебно во секојдневната низа прилози за ситуацијата околу лекувањето на Леонид Индов, која предизвика бројни реакции и конкретни хуманитарни активности на различни граѓански и на други општествени фактори*);

- навредливата реторика и политичката некултура во комуникацијата меѓу (некогашни) носители на јавни функции и медиумските работници, проследена со консеквентни реакции – и од поединечни редакции и од асоцијациите на новинарите *(континуирано шиканирање одредени информативни редакции што на различни начини бараат било изјави било информации од јавен карактер; јавната дебата меѓу Димитар Ковачевски, претходниот премиер и сегашен лидер на СДСМ, наспроти новинарските асоцијации претставени од - ЗНМ, МАН и ССНМ).*

Без исклучок - сите информативни редакции, секоја со одлики на свој новинарски/уредувачки приод, доминантно покажуваа интерес околу тие три главни тематски јадра кои, пак, освен преку непрекинатите низи медиумски известувања, ги разгрануваа и ги продлабочуваа и низ авторски коментари/осврти, интервјуа и низ дебати. Кон тие тематски јадра, како непосредно надоврзувачки се придодадоа и:

- партиските и приватните (адвокатски) тужби против Оливер Спасовски, некогашниот министер за внатрешни работи, врз основа на проценка за лошо управување со процесот за замена на документите за

лична идентификација со старото име на државата; - бесправноста и/или неморалноста на барањата за апанажа на некогашни носители на јавни функции на власт; - експертски гледишта за енергетската (не)зависност на државата (*сомненија за криминал во РЕК Битола и во ЕСМ*); - пресметки на регионални ограноци на криминални банди; - последиците врз „потрошувачката кошница“ по укинувањето на мерката за загарантирани цени на одредени производи.

Меѓу позначајните теми, пак – стриктно, поврзани со претставување на политичките опции/кандидати за претседателските и за парламентарните избори, во опсегот на новинарското известување во овој дел од „предизборието“ се најдоа:

- собирањето потписи за претседателските кандидати;
- експертски и партиски прогнози за исходот од изборниот процес;
- поделбата во партијата - Алијанса за Албанците, меѓу – Арбен Таравари и Зијадин Села, и можните коалиции (*припојување на гласачкото тело кон некоја од постојните опции – власт/опозиција*);
- прилози за непринципиелноста на партиските/владините активности за континуирана кампања, со што се дерогираат забраните од ИЗ по ова прашање (*забелешки за партиски билборди за промоција на партиски успеси од претходен мандат; користење државни средства за приватни/партиски цели*);
- организациските активности околу изборниот процес, преземени од МВР, ДИК, ДКСК и од АВМУ.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

## Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)

1. **Дневно-информативни емисии:**

***Примерок за анализата***:

Дневник 2 од 19:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 15 февруари до 7 март 2024 година, беа анализирани 22 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 8 часа 23 минути и 26 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Анализираното издание на вестите не беше прилагодено за лицата со оштетен слух, но на знаковен јазик во периодот од 15 февруари заклучно со 4 март, од понеделник до петок, беше прилагодено изданието на вестите во 10 часот, а во сабота и недела, Дневникот од 13 часот. Почнувајќи од 5 март, на знаковен јазик беше прилагодено изданието на Дневник 1, емитувано во 17 часот.

***Главни теми и начин на известување***:

Преку вести и извештаи, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, најчесто известуваше за: партиските активности поврзани со Претседателските избори (номинирањето кандидати, партиски конвенции, собирањето потписи); хаосот со издавањето лични документи, проблемите предизвикани од личните документи и начините да се надмине ситуацијата; состојбата со епидемијата на „големата кашлица“; апелите на здравствените лица за вакцинирање и засилените контроли во градинките; политичките превирања во партијата Алијанса за Албанците и нејзината поделба на две крила (Арбен Таравари/Зијадин Села); предлогот на ДУИ за избор на претседател од страна на Собранието; лекувањето на младиот Леонид Индов во странство, хуманитарните акции за помош и (не)одговорноста на Фондот за здравство; укинувањето на владината мерка „гарантирана цена“ на основните производи и засилени контроли на пазарниот инспекторат; активностите на ДИК поврзани со двојните избори; работата на Собранието и собраниските комисии (избор на член на ДИК, измени на Изборниот законик, Законот за нефер трговски практики); редовните активности на власта.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на МРТ1***

| МРТ1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:29:25 | 5.84 | % |
| СДСМ | 00:32:15 | 6.40 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:14 | 1.83 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:50 | 0.16 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:07 | 0.02 | % |
| ДИК | 00:27:59 | 5.56 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада | 00:48:56 | 9.72 | % |
| Собрание | 00:11:40 | 2.32 | % |
| Претседател | 00:03:35 | 0.71 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:28 | 0.69 | % |
| Други субјекти | 00:54:11 | 10.76 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:45:13 | 8.98 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:02 | 0.21 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:07 | 0.42 | % |
| Беса | 00:00:48 | 0.16 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:35 | 0.91 | % |
| Судство | 00:05:25 | 1.08 | % |
| Граѓански сектор | 00:41:15 | 8.19 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:33:07 | 6.58 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:48 | 2.35 | % |
| Левица | 00:02:44 | 0.54 | % |
| АРМ | 00:01:28 | 0.29 | % |
| Независни кандидати | 00:02:01 | 0.40 | % |
| Алтернатива | 00:00:07 | 0.02 | % |
| Граѓани | 00:54:54 | 10.91 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:13:25 | 2.66 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:05:52 | 1.17 | % |
| Здравство | 00:29:56 | 5.95 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:01:00 | 0.20 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:01:23 | 0.27 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:07:19 | 1.45 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:03:05 | 0.61 | % |
| Европски сојуз за промени (алб. опозиција) | 00:02:03 | 0.41 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:05:58 | 1.18 | % |
| ЗНАМ | 00:05:13 | 1.04 | % |
| | **Вкупно: 08:23:26** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии:**

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>***:

Во анализираниот период, од 15 февруари до 7 март, една дебатна емисија - „Избори 2024“, емитувана на 1 март, беше прилагодена за лицата со оштетен слух, преведена на знаковен јазик.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 2: Интервјуа на МРТ1***

| **МРТ1** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **16.02.** | Зоран Трајчевски – директор на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; | - финансирањето на ППР на медиумите во изборната кампања од Буџетот на државата;<br>- предлози од работната група за измени на ИЗ;<br>- политичките наративи и улогата на медиумите;<br>- финансирањето на АВМУ; | **Агенда 35** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | – медиумскиот пејсаж; | |
| **19.02.** | Артан Груби – вицепремиер, министер за политички систем/ДУИ; | - идејата Али Ахмети да биде претседателски кандидат на ДУИ;<br>- Бујар Османи, претседателски кандидат на ДУИ;<br>- очекувања од изборите и партиски калкулации за заеднички настап на изборите и можни коалиции;<br>- предлозите за измени на ИЗ во делот на финансирањето на ППР од државниот буџет;<br>- измени на Законот за игри на среќа и односот со претседателот Пендаровски; | **360 степени** |
| **23.02.** | Сања Лукаревска – директорка на УЈП/потпретседателка на СДСМ; | - предизборна програма на СДСМ – економски мерки и политики;<br>- новини во изборната програма во поглед на даночната политика;<br>- справувањето на УЈП со сивата економија;<br>- економските политики на власта; | **Агенда 35** |
| **26.02.** | Данела Арсовска – градоначалничка на Скопје/претседателка на Нова Алтернатива; | - преземањето на постојната партија Нова Алтернатива;<br>- учество на изборите – самостојно или во коалиција;<br>- очекувања од изборите, поддршка на претседателски кандидат;<br>- партиски став за менувањето на Уставот – полемиките со СДСМ за бугарското државјанство;<br>- состојбите во градот, односите на релација Совет-градоначалник, реализација на програмата; | **360 степени** |
| **04.03.** | Тимчо Муцунски – потпретседател на ВМРО ДПМНЕ/градоначалник на општина Аеродром; | - собирањето потписи за претседателските кандидати и реакциите на проф. д-р Ванковска;<br>- обвинувањата за замешателство во случувањата во Левица;<br>- кандидатурата на проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова наспроти д-р Стево Пендаровски;<br>- носители на листи по изборни единици;<br>- уставните измени и позиционирањето по ова прашање;<br>- користењето на новото уставно име;<br>- можни коалициони партнери по изборите од редот на политичките партии на Албанците; | **360 степени** |
| **04.03.** | Бојан Маричиќ – прв вицепремиер/секретар за меѓународна соработка на СДСМ; | - злоупотреба државни ресурси за партиски настани;<br>- собирањето потписи за претседателските кандидати и реакциите на проф. д-р Ванковска;<br>- обвинувањата за помош во собирањето потписи на претседателските кандидати на ГРОМ и на Левица;<br>- кандидатурата на д-р Стево Пендаровски и очекувањата од Претседателските избори;<br>- идејата на ДУИ за избор на претседател од страна на Собранието, односите со ДУИ, идејата за Европски фронт;<br>- носители на листи по изборни единици;<br>- понуда во изборната кампања. | **360 степени** |

## ***Дебати на изборни теми***

(премиерно емитувани)

Од 15 февруари до 7 март, во рамки на емисијата „Објектив“ беа емитувани резултати од испитување на јавното мислење поврзано со претстојните избори, спроведено за Македонската телевизија од Институтот за политички истражувања – Скопје, при што низ дебата, резултатите ги коментираа политички аналитичари. Во трите изданија на емисијата „Објектив“, гостите редоследно анализираа за: кумулативните резултати (од шесте изборни единици) во врска со општествените движења и предвидувањата за изборните резултати на Парламентарните и на Претседателските избори; општествените движења и рејтинзите на политичките партии и на кандидатите за претседател, споредба на трендовите во јануари и февруари на резултатите од истражувањето на јавното мислење што се однесуваат на првата и на петтата изборна единица; општествените движења и рејтинзите на политичките партии и на кандидатите за претседател, споредба на трендовите во јануари и февруари на резултатите од истражувањето на јавното мислење што се однесуваат на втората и шестата изборна единица. Во анализираниот период, МРТ1 емитуваше една дебатна емисија („Избори 2024“, на 1 март) со претставници од власта и од опозицијата, со што го започна циклусот дебатни емисии/соочувања посветен на двојните избори. Во првото издание, се дебатираше за: внатрепартиските номинирања на кандидати за претседател и за двајцата кандидати за претседателската функција, д-р Стево Пендаровски и проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова; предлогот на ДУИ за избор на претседател во Собранието како услов за идна влада; европскиот предлог за уставни измени; ситуацијата со документите за лична идентификација; почитувањето на потпишаните меѓународни договори; претстојните реформи во судството по освојувањето на власта.

***Табела 3: Дебатни емисии на МРТ1***

| **МРТ1** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| | | |
| **20.02.** | 1.проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Газменд Ајдини, политички аналитичар;<br>4. Александар Кржаловски, политички аналитичар; | **Објектив** |
| **27.02.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Алберт Муслиу, политички аналитичар;<br>4. Бранко Геровски, новинар/политички аналитичар; | **Објектив** |
| **01.03.** | 1. Ненад Коциќ, пратеник од СДСМ;<br>2. Бране Петрушевски, пратеник од ВМРО ДПМНЕ; | **Избори 2024** |
| **05.03.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Имер Селмани, поранешен претседателски кандидат/политички аналитичар;<br>4. Ивица Боцевски, поранешен амбасадор/политички аналитичар. | **Објектив** |

## ***Други информативни емисии***

Во анализираниот период, во рамки на магазинските изданија на информативната емисија „360 степени“, беа емитувани неколку прилози/стории на теми поврзани со претстојните двојни избори: проблеми во техничката влада на релација власт-опозиција; мал број канцеларии на ДИК за собирање потписи за претседателските кандидати; потенцијални носители на листи за пратеници по партии/коалиции, во шесте изборни единици; претставување на независните кандидати за претседател на кои им оди тешко собирањето потписи (Господин Попоски, Зорица Цветковска, Ѓорѓи Манасков, Томе Николоски). Во едно од изданијата на информативната емисија „Агенда 35“, една од темите на обработка

беше односот на медиумите кон изборната кампања и во предизборниот процес – политички штетни наративи во предизборниот период и улогата на медиумите.

## Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2)

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Вести од 18:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 15 февруари до 7 март 2024 година беа анализирани 22 изданија на централните вести од 18:30 часот, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 6 часа 43 минути.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание на Вестите на МРТ2 не беше прилагодено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување***:

Во анализираниот период, преку вести и извештаи најчесто се известуваше за: подготовките за Претседателските избори 2024 година и за собирањето потписи за претседателската кандидатура; предлогот на ДУИ и на другите партии на Албанците за избор на претседател на државата преку Собранието; поделбата на две струи – Арбен Таравари/Зијадин Села - во Алијанса за Албанците; меѓупартиските обвинувања за јавниот профил на одредени претседателски кандидати; комплетирањето на составот на ДИК и нејзините почетни активности за организацијата на изборниот процес, кој е исто така под мониторинг и на ДКСК и на АВМУ; измените на ИЗ; реакцијата на АВМУ и на ЗНМ за непримерниот однос на некогашниот премиер Димитар Ковачевски кон медиумите; проблемите околу замената на (не)важечките документи за лична идентификација и тековните активности на постојниот состав на МВР; дилемите околу (не)можноста за гласање на изборите со (не)важечки документи, односно дали може да се патува со пасош под старото име на државата; епидемијата од „голема кашлица“, редовните активности на Комисијата за заразни болести и спроведувањето на инспекцискиот надзор во градинките; промената на економските мерки за загарантирани цени на одредени производи; штрајкот на петте државни универзитета за изедначување на професорските плати; - отворањето на единствениот пазар на трудот во т.н. „Отворен Балкан“; собраниската и експертската расправа околу предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Академија за судии и јавни обвинители и за Предлог-законот за забрана на нефер трговски практики; учеството на претставници од преодната Влада и на претседателот на државата на меѓународните настани за - планот за економски раст на Западен Балкан, соработката меѓу Украина и Југоисточна Европа, Минхенската безбедносна конференција и за регионалната конференција за род и за безбедност одржана во Скопје.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 4: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на МРТ2***

| ТВ МРТ2 – на албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:24:31 | 6.08 | % |
| СДСМ | 00:24:29 | 6.07 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:43 | 2.16 | % |
| ДИК | 00:19:31 | 4.84 | % |
| Влада | 01:09:01 | 17.13 | % |
| Собрание | 00:10:32 | 2.61 | % |
| Претседател | 00:02:26 | 0.60 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:01 | 1.49 | % |
| Други субјекти | 00:48:27 | 12.02 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:41 | 5.63 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:40 | 0.16 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:36 | 0.40 | % |
| Беса | 00:01:02 | 0.26 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:03 | 1.00 | % |
| Судство | 00:13:00 | 3.23 | % |
| Граѓански сектор | 00:27:32 | 6.83 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:18:55 | 4.69 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:25 | 3.33 | % |
| Левица | 00:02:05 | 0.52 | % |
| Независни кандидати | 00:01:00 | 0.25 | % |
| Граѓани | 00:23:42 | 5.88 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:07:24 | 1.84 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:27 | 0.36 | % |
| Здравство | 00:24:10 | 5.99 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:00:40 | 0.17 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:01:39 | 0.41 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:05:06 | 1.27 | % |
| Европски сојуз за промени (алб. опозиција) | 00:01:54 | 0.47 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:11:09 | 2.77 | % |
| ЗНАМ | 00:03:26 | 0.85 | % |
| Демократско движење (Изет Меџити) | 00:02:44 | 0.68 | % |
| | **Вкупно = 06:43:00** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии**:

***Пристапност на посебните информативни емисии*** *:*

Ниту една посебна информативна емисија - интервју или дебата – на МРТ 2 не беше прилагодена за лицата со попреченост.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

На тема – Претседателски и Парламентарни избори 2024 година, реализирано е едно, получасовно интервју во рамките на емисијата - „Изборен ЗООМ“, во кое гостуваше Дитмире Шеху, потпретседателката на ДИК, во кое ги презентираше организациските активности за непречено спроведување демократски изборен процес.

***Табела 5: Интервјуа на МРТ2***

| МРТ 2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **05.03.** | Дитмире Шеху, потпретседателка на ДИК; | - подготвеноста на ДИК за спроведување на изборите;<br>- ажурирање на Избирачкиот список;<br>- со кои документи ќе може да се гласа;<br>- регулација на платеното политичко рекламирање;<br>- гласањето на дијаспората. | **Изборен ЗООМ** |

***Дебати на изборни теми***
(премиерно емитувани)

Во периодот од 15 февруари до 7 март, беа емитувани четири дебатни емисии на следниве теми: очекувања од изборниот процес; шансите Албанец да биде претседател на државата; позицијата на Зијадин Села по расколот во Алијансата за Албанците; партиите на Албанците со два блока во изборните процеси; позицијата на ДУИ пред двојниот изборен процес; идната власт и уставните измени; можните коалиции за изборите; очекувањата од изборната кампања; чија Алијанса – на Таравари или на Села - ќе биде легитимна на изборите; предлогот претседателот на државата да се избира преку Собранието; - потенцијалот на претседателскиот кандидат Албанец за влез во вториот изборен круг.

***Табела 6: Дебатни емисии на МРТ2***

| МРТ 2 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **15.02.** | 1. Исмет Рамадани, политички аналитичар;<br>2. Башким Селмани, универзитетски професор; | ЗООМ |
| **22.02.** | 1. Арбер Адеми, потпретседател на ДУИ;<br>2. Алберт Муслиу, политички аналитичар;<br>3. Ибрахим Мемети, политички аналитичар; | ЗООМ |
| **29.02.** | 1. Халил Снопче - коалиција ВРЕДИ;<br>2. Фатон Алити - политички аналитичар; | ЗООМ |
| **07.03.** | 1. Бајрам Кадрија, ДУИ;<br>2. Башким Бакиу, коалиција ВРЕДИ. | Изборен ЗООМ |

## ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРИВАТНИ ТЕЛЕВИЗИИ

## ТВ АЛСАТ – М

### 1. Дневно-информативни емисии*:*

***Примерок за анализата:***

Вести во 19:00 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 15 февруари до 7 март анализирани се 22 изданија на централните вести (на албански јазик), со вкупно времетраење на анализираните прилози од 11 часа 34 минути и 29 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание на централните вести на ТВ Алсат – М не беше приспособено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување:***

ТВ Алсат-М, во наведените изданија на вести, известуваше за: внатрепартиската битка меѓу крилата на Зијадин Села и на Арбен Таравари од Алијансата за Албанците, а потем и за клучната одлука на Таравари да се оформи коалиција од албански опозициски партии, прво во т.н. „Европски сојуз за промени" што потоа се преименуваше под изборниот слоган – ВРЕДИ; првичните партиски проценки за изборот најрепрезентативен претседателски кандидат; одлуката на ДУИ да настапи самостојно на двојниот изборен процес и реакциите по нејзиниот условувачки предлог изборот на претседател на државата да се спроведува преку Собранието; партиските конвенции на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ, на кои се потврди поддршката за д-р Гордана Силјановска Давкова, односно за д-р Стево Пендаровски – како претседателски кандидати. Ретко, во помал обем, ТВ Алсат-М известуваше и за независните кандидати за претседател, а во тоа информативно време влегоа прилозите за кандидатурите на проф. д-р Билјана Ванковска, поддржана од партијата Левица, Стевчо Јакимовски, кандидат на партијата ГРОМ, и на Максим Димитриевски, кандидиран како лидер на партијата ЗНАМ.

Медиумот извести за изборот на Абдуш Демири, од опозициската партија Беса, за последен член во комплетниот состав на ДИК, а потоа континуирано информираше за тековните процедури од нејзиниот работен домен, како и за постапката за собирање потписи неопходни за официјализирање на претседателските кандидатури.

Во Вестите од 19 часот, во овој календарски период, медиумот редовно информираше за проблемот со патните исправи, пренесувајќи ги паралелно изјавите и на Панче Тошковски, заменскиот министер за внатрешни работи во преодната Влада, од опозициската ВМРО ДПМНЕ, и на Митко Бојмацалиев, дополнителниот заменик - министер, од владејачката СДСМ. Кон оваа тема беа додадени и изјавите на Талат Џафери, како премиер на преодната Влада, но информативната редакција го прикажа и ставот на граѓаните што се најдоа во недоумица за (не)важноста на документите за лична идентификација со старото име на државата. Меѓу другите поважни теми во централните вести се најдоа и: состојбата со „големата кашлица", често обработувана и низ репортерски извештаи од клиниките, но и низ разговори со претставници на одговорните институции, при што беа пренесувани и изјавите на заменскиот министер за труд и социјална политика Ѓоко Велковски, и на Маја Манолева, заменичката - министерка за здравство. Неколку важни прилога беа посветени и за растот на трошоците за живот, како и за организациските контроверзии околу лекувањето на Леонид Индов, кое стана јавен пример за дисфункционалноста на официјалните домашни здравствени структури.

Специфично за известувањето на ТВ Алсат-М во овој „предизборен" период беше информативното време отстапено за коалицијата на неколку албански опозициски партии под слоганот

ВРЕДИ, истакната како главен изборен соперник на владејачката ДУИ, и тоа со вкупно траење од околу 1 час и 10 минути, односно повеќе отколку за која било друга политичка опција. Критичкиот став на информативната редакција кон досегашниот владејачки мандат на ДУИ се рефлектираше и преку низа прилози подведени под класификациската категорија – „локална самоуправа“. Низ критичка визура, истата тема, пак, беше прикажана и преку прилозите во кои учествуваа аналитичари на изборниот процес и на постојните политички констелации во државата.

Во анализираното издание на централната дневноинформативна емисија беа евидентирани и 14 интервјуа на изборни теми, за кои соговорници беа претставници на политички партии, амбасадори, поранешни и сегашни членови на ДИК, потоа политички аналитичари и универзитетски професори.

ТВ Алсат-М при известувањето го почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења, и овозможи слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, како што е предвидено со членот 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Табела 7: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Алсат-М</u>***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:35:17 | 5.08 | % |
| СДСМ | 00:35:41 | 5.14 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:32 | 1.52 | % |
| ДИК | 00:23:40 | 3.41 | % |
| Влада | 00:40:56 | 5.89 | % |
| Собрание | 00:13:33 | 1.95 | % |
| Претседател | 00:06:04 | 0.87 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:46 | 1.26 | % |
| Други субјекти | 02:48:27 | 24.26 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:48 | 1.84 | % |
| Демократски сојуз | 00:18:22 | 2.64 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:03 | 0.30 | % |
| Беса | 00:02:22 | 0.34 | % |
| Јавно обвинителство | 00:08:12 | 1.18 | % |
| Судство | 00:13:20 | 1.92 | % |
| Граѓански сектор | 00:25:08 | 3.62 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:09:15 | 9.97 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:39:00 | 5.62 | % |
| Левица | 00:02:03 | 0.30 | % |
| Независни кандидати | 00:00:05 | 0.01 | % |
| Алтернатива | 00:00:18 | 0.04 | % |
| Граѓани | 00:39:14 | 5.65 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:10:08 | 1.46 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:03:38 | 0.52 | % |
| Здравство | 00:19:36 | 2.82 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:00:48 | 0.12 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:09:11 | 1.32 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:03:49 | 0.55 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 01:10:13 | 10.11 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЗНАМ | 00:02:03 | 0.30 | % |
| | **Вкупно = 11:34:29** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии**:

***Пристапност на посебните информативни емисии***:

Во анализираниот период ТВ Алсат-М не емитуваше посебни информативни емисии за двојниот изборен процес, а ниту едно од интервјуата, пак, емитувани во уредувачките рамки на централните Вести од 19 часот - не беше приспособено за лица со попреченост.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 8: Интервјуа на ТВ Алсат-М***

| | **ТВ АЛСАТ - М** | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **16.02.** | Павле Трајанов, претседател на Демократскиот сојуз; | - изборната програма;<br>- измените на ИЗ;<br>- замена на личните документи;<br>- случувањата во албанската опозиција;<br>- претседателскиот кандидат од ДУИ; | **Вести на албански јазик** |
| **19.02.** | Флориан Чахја, амбасадор на Косово во РС Македонија; | - ситуацијата на Косово/16-годишнината од независноста;<br>- односите помеѓу Скопје и Приштина;<br>- шпекулациите околу наводната закана од атентат на косовскиот премиер Албин Курти при посетата на Скопје;<br>- бојкотирањето на манифестацијата за независноста на Косово од страна на ДУИ;<br>- меѓупартиската соработка на релација Косово – Македонија;<br>- оценка за претстојниот изборен процес во Македонија; | **Вести на албански јазик** |
| **20.02.** | Скендер Реџепи Зејд, лидер на Движење на народот; | - со кого ќе коалицира Движењето на народот;<br>- односот кон понудата на Ахмети/ДУИ;<br>- односот кон коалицијата ВРЕДИ и нејзините изборни потенцијали против ДУИ;<br>- проценка на сопствениот политички потенцијал;<br>- раздорот во АА и изборните комбинаторики со Алијансата на Села и со партијата на Аријанит Хоџа;<br>- позицијата на ВМРО ДПМНЕ;<br>- поддршката за Таравари или за кандидатот на ДУИ; | **Вести на албански јазик** |
| **21.02.** | Антонијо Милошоски, пратеник од ВМРО ДПМНЕ; | - предложената законска измена за патните исправи;<br>- Законот за академија и судии,<br>- уставните измени како обврска и за идната влада; | **Вести на албански јазик** |
| **22.02.** | Бесим Небиу, политички аналитичар; | - предлогот на Али Ахмети - претседателот на државата да се бира преку Собранието;<br>- има ли раздор меѓу ДУИ и СДСМ после најавените кандидатури за претседател;<br>- споредба на изборниот потенцијал на Пендаровски (СДСМ) и Силјановска (ВМРО ДПМНЕ); | **Вести на албански јазик** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - поделбите во Алијансата за Албанците;<br>- очекувања од изборната кампања; | |
| **23.02.** | Беса Кадриу, потпретседателка на движењето Беса; | - прогноза за исходот од претседателските и парламентарните избори; | **Вести на албански јазик** |
| **26.02.** | Хисни Шаќири, поранешен потпретседател на Собранието; | - обединувањето на партиите на Албанците околу една претседателска кандидатура, за поголема шанса за влез во вториот изборен круг;<br>- несогласиците меѓу Али Ахмети (ДУИ) и Арбен Таравари (АА);<br>- оценка за изборните позиции на Ахмети и на Таравари;<br>- силата на опозицискиот блок политички партии на Албанците против дведеценискиот владејачки мандат на ДУИ;<br>- коментар за предизборните анкети на јавното мислење;<br>- оценка на досегашниот мандат на Талат Џафери како „технички“ премиер; | **Вести на албански јазик** |
| **27.02.** | Халил Хида, дипломат; | - идејата за претседател на државата избран од Собранието;<br>- идејата на ДУИ за воведување функција - потпретседател на државата;<br>- условување на формирањето Влада со промена на Уставот;<br>- (преку)бројноста на претседателските кандидати;<br>- шансите кандидат за претседател Албанец да мине во вториот круг на гласање; | **Вести на албански јазик** |
| **28.02.** | Абдуш Демири, член на ДИК; | - оценка за можните манипулации во работењето на ДИК;<br>- изборен модел по мерка на Македонија;<br>- гласањето на дијаспората;<br>- можност да се гласа со (не)важечки лични документи;<br>- потреба од нов ИЗ; | **Вести на албански јазик** |
| **29.02.** | Сања Лукаревска, СДСМ; | - Конгрес на СДСМ за избор на кандидат за претседател на државата;<br>- односот на СДСМ со ДУИ;<br>- проценка за изборните можности на Бујар Османи (ДУИ) и на д-р Стево Пендаровски (СДСМ);<br>- коалициски несогласици околу измените на Законот за игри на среќа;<br>- коментар за анкетите на јавното мислење на тема – избори;<br>- можна повторна коалиција со ДУИ;<br>- бара ли СДСМ поддршка од Курти, премиерот на Косово;<br>- платите за функционерите; | **Вести на албански јазик** |
| **04.03.** | Бојан Кордалов, комуниколог; | - предвремен почеток на изборната кампања;<br>- оценка за релевантноста на анкетите на јавното мислење;<br>- злоупотреба државни средства за партиски/приватни цели;<br>- злоупотреба на деца во изборната кампања; | **Вести на албански јазик** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **05.03.** | Александар Новаковски, поранешен претседател на ДИК; | - проблемот околу гласањето со (не)важечки документи за лична идентификација;<br>- законските можности на ДИК за решавање на тој проблем;<br>- споредба со претходните изборни процеси;<br>- гласањето на дијаспората;<br>- потребата од нов ИЗ; | **Вести на албански јазик** |
| **06.03.** | Лулзим Фаризи, политички аналитичар; | - проценка за исходот од изборите;<br>- коментар за односот меѓу досегашните коалициски партнери СДСМ и ДУИ;<br>- разликата меѓу сегашното раководство на ВМРО ДПМНЕ и политичката гарнитура на Никола Груевски;<br>- политичко-економскиот амбиент во кој се одвиваат изборните процеси; | **Вести на албански јазик** |
| **07.03.** | Халил Снопче, пратеник од Алијанса за Албанците (претставник на партиското крило на Арбен Таравари); | - ветувањето на ДУИ за законски измени во секторот образование и предизборна злоупотреба на можноста за унифицирање на професорските плати;<br>- политизација на (високо)образовните институции;<br>- ескалација на поделбите Таравари – Села во партијата АА;<br>- оценка на односот Ахмети (ДУИ) – Таравари (АА);<br>- изборните претседателски потенцијали на Таравари наспроти Османи (ДУИ);<br>- можни носители на листите за парламентарните избори, кандидирани од АА. | **Вести на албански јазик** |

## ТВ АЛФА

### 1. Дневно-информативни емисии:

***Примерок за анализата*:**

Вести од 17:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење*:**

Од 15 февруари до 7 март 2024 година беа анализирани 22 изданија на централниот ТВ дневник, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 11 часа 16 минути и 46 секунди.

***Пристапност на вестите*:**

Ниту едно издание од Вестите на ТВ Алфа не беше приспособено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување*:**

Методолошкиот фокус на мониторингот во овој период е ставен врз начинот на новинарското известување за тековните процеси од т.н. „предизборие“ околу кои се ангажирани партиите и административната организациска одговорност на одредени министерства, ДИК, на државни и на независни регулаторни органи. Меѓутоа, статистичките податоци добиени со анализата покажуваат дека Информативната редакција на ТВ Алфа во централниот Дневник од 17:30 часот, вниманието примарно го насочила кон сложената содржина посветена на конкретни актуелни општествено-политички настани, случувања и повеќеслојни теми: од вкупно 11 часа и 47 минути посветени на прилозите методолошки селектирани за анализа во периодот од 15 февруари до 7 март, дури – 8 часа и 34 минути се одвоени за: индивидуалните и за општествено-економските проблеми поради промената на документите за лична

идентификација; практични примери од секојдневието и експертски гледишта за недоследноста и за недообмисленоста на стандардни административни процедури и политики на Владата; последиците за стопанството; одговорноста на Министерството за здравство и на Фондот за здравство околу лекувањето на Леонид Индов (и на слични, специфични медицински случаи); економските практики што ја условуваат енергетската независност на државата; презентирање на увидот во состојбите што ги затекнале заменските министри во преодната Влада од ВМРО ДПМНЕ, и тоа во ресорите за внатрешни работи; информатичко општество и администрација; труд и социјална политика; финансии и земјоделство, шумарство и водостопанство. Оттаму, најголема информативна минутажа е собрана околу ставката – „други субјекти“, односно околу чинителите на т.н. „реален сектор“ од општественото живеење што не се директно инволвирани во партискиот или во политичко-институционалниот начин на делување.

Редакцијата на ТВ Дневникот најчесто известуваше преку жанровските можности на – извештајот со коментар, односно: околу веста (соопштението), како појдовно информативно јадро, најчесто додава контекстуализирачки осврт (придружен со монтажа аудиовизуелен материјал од тековни и од архивирани снимки/цитати/статистика) со што споредбено, реактуелизирачки и полемички се навраќа на причините за слоевитата проблематика околу одредена, постојна општествено-политичка ситуација. Ако кон таквиот известувачки пристап се придодаде и содржината на интервјуата и на дебатите, емитувани секојдневно во редовни термини од програмскиот сервис, како и коментаторскиот општествено-политички рекапитулар под наслов „Седмица“ на новинарот Коле Чашуле, тогаш се добива композитна комуникациска структура со силен (поради реториката често и – беспоштеден) критички израз. Притоа, постои посебно нагласен контраст при редовното известување за активностите и за ставовите на опозициската партија ВМРО ДПМНЕ, наспроти одредени (не)функционални делови од преодната Влада или, пак, од засебните партиски активности на владејачките СДСМ и ДУИ.

И во овој период, како впрочем и во претходни изборни периоди, Информативната редакција на ТВ Алфа посочуваше дека одредени министерства и/или органи на државната управа, со различни изговори не ѝ овозможуваат пристап до информации од јавен карактер, а носители на јавни функции, од различни општествени сфери, речиси без исклучок одбиваат да гостуваат во нејзините посебни информативни емисии (интервјуа/дебати). Ако од таквите условувања се изземе долгогодишната информативна рутина сведена на просто монохроматско пренесување секојдневно меѓупартиско реплицирање (владејачката СДСМ – опозициската ВМРО ДПМНЕ), и ако се имаат предвид гореспоменатите карактеристики на уредувачкиот пристап, тогаш таквиот работен амбиент се одразува врз напорите на редакцијата да ги следи начелата за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, и да овозможи слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, постулирани според членот 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***__Табела 9: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Алфа__***

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:41:11 | 14.95 | % |
| СДСМ | 00:53:27 | 7.90 | % |
| ДУИ – Демократска унија за интеграции | 00:12:13 | 1.80 | % |
| ДИК | 00:15:12 | 2.25 | % |
| Влада | 00:49:57 | 7.38 | % |
| Собрание | 00:09:12 | 1.36 | % |
| Претседател | 00:03:37 | 0.53 | % |
| Локална самоуправа | 00:16:00 | 2.36 | % |
| Други субјекти | 01:48:56 | 16.10 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:25:36 | 3.78 | % |
| СПМ – Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:41 | 0.10 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:09 | 0.17 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија | 00:00:56 | 0.14 | % |
| Јавно обвинителство | 00:17:48 | 2.63 | % |
| Судство | 00:08:42 | 1.28 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:52 | 1.16 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:16:03 | 11.24 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:00 | 1.03 | % |
| Левица | 00:00:56 | 0.14 | % |
| Независни кандидати | 00:00:23 | 0.06 | % |
| Граѓани | 01:06:53 | 9.88 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:38:34 | 5.70 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:07:11 | 1.06 | % |
| Здравство | 00:23:27 | 3.47 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:01:12 | 0.18 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:05:32 | 0.82 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:03:20 | 0.49 | % |
| Европски сојуз за промени (алб. Опозиција) | 00:05:46 | 0.85 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:07:02 | 1.04 | % |
| ЗНАМ | 00:00:56 | 0.14 | % |
| | **Вкупно = 11:16:46** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии**:

***Пристапност на посебните информативни емисии*** *:*

Ниту една посебна информативна емисија – дебата или интервју, емитувана на ТВ Алфа не беше приспособена за лица со попреченост.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 10: Интервјуа на ТВ Алфа***

| **ТВ АЛФА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **15.02.** | Синиша Пекевски – политички аналитичар; | - анализа на актуелната општествено-политичка ситуација и прогноза за двојниот изборен процес; | **Заспиј ако можеш** |
| **16.02.** | Дафина Стојановска – пратеничка од ВМРО ДПМНЕ; | - личното пратеничко искуство и работата на Собранието;<br>- непринципиелноста на носењето закони со т.н. „европско знаменце“;<br>- очекувања од кампањата за изборите;<br>- обвинувања за криминални дејствија на владејачката коалиција СДСМ и ДУИ; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **19.02.** | Миле Лефков – член на ИК на ВМРО ДПНЕ; | - обвиненија за ДУИ и за СДСМ за криминални дејствија во врска со т.н. „стратешки закони“ (*договори и тендери за ЕСМ, РЕК Битола)*;<br>- удвојување на јавниот долг;<br>- „ослободување“ на државните институции и воведување нормативи и стандарди во работењето; | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - (не)затворањето на т.н. „Хашки случаи“; | |
| **19:02.** | Рашела Мизрахи – пратеничка од ВМРО ДПМНЕ; | - општа ревизија на мандатот на Оливер Спасовски, поранешниот министер за внатрешни работи, низ призмата на актуелните општествено-политички состојби во доменот на безбедноста, статусот на македонската полиција и почитувањето на човековите права и слободи; | **Заспиј ако можеш** |
| **21.02.** | Драган Павловиќ – Латас – новинар / политички аналитичар; | - општа критика на премиерскиот мандат на Димитар Ковачевски;<br>- прогноза на исходот од двојниот изборен процес; | **За или против** |
| **23.02.** | Љупчо Пренџов – пратеник од ГРОМ; | - апанажи за поранешни носители на јавни функции;<br>- коментар за милионските тендери/договори во ЕСМ и РЕК Битола;<br>- очекувања за изборниот процес; | **За или против** |
| **23.02.** | проф. д-р Владимир Божиновски – политички аналитичар/Институт за политички истражувања; | - толкување на показателите од тековните анкети на јавното мислење околу изборниот исход;<br>- јавната комуникација на носителите на јавни функции со новинарите; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **27.02.** | Сотир Костов – политички аналитичар; | - анализа на насоките во кои ќе оди изборната кампања;<br>- проценка на потенцијалите на претседателските кандидати;<br>- враќањето на т.н. „Хашки случаи“;<br>- злоупотреба на политичка позиција на моќ за влијание врз работата на државната администрација; | **За или против** |
| **27.02.** | Петар Богојевски – претседател на партијата Македонски концепт; | - проценка на потенцијалот за (коалициско) обединување на помалите политички партии во изборниот процес; | **Заспиј ако можеш** |
| **28.02.** | проф. д-р Владимир Божиновски – политички аналитичар/Институт за политички истражувања; | - анализа на тековните статистики од анкетите на јавното мислење за претстојните двојни избори и споредба со резултати од претстојните избори;<br>- (не)очекуван начин на водење изборна кампања; | **За или против** |
| **29.02** | Панче Тошковски – министер за внатрешни работи од ВМРО ДПМНЕ; | - дали и како би се решил проблемот со замена на документите за лична идентификација за да можат сите полнолетни граѓани да го остварат правото на глас; | **За или против** |
| **01.03.** | Владо Мисајловски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ; | - анализа на лошите економски политики на досегашната Влада;<br>- очекувања/прогнози од изборните процеси;<br>- дали е разбивањето на митот за Али Ахмети и владеењето на ДУИ исто со т.н. „албанофобија“?; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **04.03.** | проф. д-р Гордана Силјановска -Давкова – кандидатка за претседател на државата, предложена од ВМРО ДПМНЕ; | - личните искуствата и мотивите од претходниот изборен процес за претседател на државата;<br>- меѓународните односи на Македонија со соседите и со ЕУ;<br>- критика на досегашното владеење на коалицијата ДУИ/СДСМ; | **За или против** |
| **05.03.** | Ивица Боцевски, политички аналитичар; | - анализа на политичката понуда за Изборите 2024 година; | **За или против** |
| **06.03.** | Љупче Златев, новинар; | - анализа на политичкиот потенцијал на претседателските кандидати; | **Заспиј ако можеш** |
| **07.03.** | д-р Тања Каракамишева, професорка по Уставно право. | - последиците од владеењето на СДСМ и на ДУИ;<br>- обид за одбрана на националниот идентитет; | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - критика на претседателскиот мандат на Пендаровски. | |

Во прикажаниов опфат на интервјуата, како содржински комплементарни со актуелноста на информациите поопширно, критички тематизирани во ТВ Дневникот, важно е да се истакнат и интервјуата направени со: Стефан Андоновски – заменикот министер за информатичко општество и администрација, кој ги презентираше наодите и наводите за обиди да се фалсификуваат датуми за незаконски вработувања во МИОА (*15 февруари, емисија „За или против“);* Зоран Љутков – член на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ, која даде своја анализа/критика на националната стратегија за култура и распределбата на државниот буџет направена од Министерството за култура (*16 февруари, емисија „За или против“*); д-р Златко Кескоски, експерт по кризен менаџмент, на основна тема – непостоење државна стратегија во спортот, но посочи и свое видување на можностите за решавање на проблемот со документите за лична идентификација (*17 февруари, емисија „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“*); Виктор Андонов, директорот на ЕСМ за развој и инвестиции и Константин Цветанов, машински инженер, на тема – енергетската (не)зависност на државата и историјатот на стратегиските инвестиции/грешки во доменот на енергетиката, актуелизирани преку случајот со грчката компанија „Митилинеос“, договор оспорен од стручната јавност и од опозициските партии во Собранието (*хронолошки емитувани на 20 февруари и на 5 март, во емисијата „Заспиј ако можеш“*); д-р Гордан Калајџиев, професор по правни науки на УКИМ, примарно во врска со потенцијалната ревизија на амнестијата за т.н. „Хашки случаи“, а потоа и за аномијата на македонскиот правен систем, казненото право, владиното непочитување на правната/академската експертиза, состојбата со човековите права воопшто (*20 февруари, емисија „За или против“*); Михајло Маневски, поранешен министер за правда од ВМРО ДПМНЕ, кој зборуваше за гласањето на постојната владејачка коалиција против предлогот за продолжување на важноста на пасошите, поврзувајќи го со правна анализа на аферата „Двојник" (лажни пасоши), потоа за измените на Кривичниот законик и можната ревизија на т.н. „Хашки случаи“ (*28 февруари, емисија „Заспиј ако можеш“*); д-р Лазар Јовевски, професор по трудово право на УКИМ, кој зборуваше на тема - зошто македонските граѓани имаат најниски плати во балканскиот регион, дали т.н. „балансер“ и непотизмот го уништува квалитетот на вработувањата во државната администрација, како и за можностите за подобрување на работничките права (*1 март, емисија „За или против“*); Цветан Трипуновски, заменик - министер од ВМРО ДПМНЕ за земјоделие, шумарство и водостопанство, кој ја претстави затекнатата состојба во Министерството, критички се осврна на досегашното (не)функционирање, и најави ревизија на начинот на кој се распределувале државните инвестиции/субвенции во земјоделието (*4 март, емисија „Заспиј ако можеш“*); д-р Мимоза Рајл, професорка од МИТ – споредба на структурните елементи од античката трагедија со елементите од македонската понова политичка историја (*6 февруари, емисија „За или против“*); – Ѓоко Велковски, заменик - министер од ВМРО ДПМНЕ за труд и социјална политика, кој ја изложи сопствената перцепција за постојните реални проблеми во секторот, со тематски опсег - од градинките до пензионерските домови (*7 март, емисија „Заспиј ако можеш“*).

***<u>Дебати на изборни теми – премиерно емитувани</u>***

На 26 февруари, во изданието на емисијата „Заспиј ако можеш“ за „предизборието“, за изборните можности на претседателските кандидати и за коалициските калкулации во текот на парламентарните избори - дебатираа политичките аналитичари д-р Жидас Даскаловски и Ивица Боцевски.

***<u>Други информативни емисии</u>***

Во периодот од 15 февруари до 7 март, во изданија на емисиите – „Седмица“ и „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“- емитувани беа екстензивни критички коментари за активностите на владејачките СДСМ и ДУИ, за досегашниот мандат и за претседателската кандидатура на д-р Стево Пендаровски.

## ТВ КАНАЛ 5

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Вести од 18:00 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 15 февруари до 7 март 2024 година, беа анализирани 22 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 8 часа 14 минути и 36 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание на емисијата вести на ТВ Канал 5 не беше прилагодено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување***:

Преку вести/во низа и извештаи, во првиот период од т.н. „предизборие", најчесто се известуваше за собирањето потписи за кандидатурите за претседател на државата, за меѓусебните партиски предизборни обвинувања (најчесто на релација СДСМ - ВМРО ДПМНЕ – ДУИ - коалиција Вреди на опозициските партии на Албанците), редовно беа прикажувани мислења, анализи и очекувања на политички аналитичари околу изборните комбинаторики и текот на кампањата, беше известувано за комплетирањето на составот и за редовните активности на ДИК, хронолошки беа проследени и реакциите по формирањето на Коалицијата Вреди и по предлогот за промена на моделот за избор на претседател преку гласање во Собранието, а одредено информативно внимание предизвикаа и превирањата во партијата Левица.

Други актуелни, важни општествени теми обработувани во анализираниот период беа: проблемот со (не)издавање нови лични документи; епидемијата од „голема кашлица" и степенот на (не)вакцинација; контроверзите околу случајот со лекувањето на Леонид Индов; меѓународните активности на Претседателот на државата; судските рочишта за случаите: „Тендери", „Езеро", „Патни трошоци". Редакцијата информираше и за тековни проблеми од локалната самоуправа, за синдикални протести, за актуелни економски теми, како и за случаи од билтенот на МВР што се подведуваат под насловот – „црна хроника". Под најзастапената методолошка ставка – „други субјекти", бележени се: активности и ставови по економски прашања од различни компании и од бизнис заедницата воопшто; научни институции; регулаторни комисии/агенции; работата на ДКСК и на Народниот правобранител.

Во рамките на анализираниот централен дневник беа евидентирани и две куси интервјуа: со Анџела Агелер, амбасадорката на САД, која главно зборуваше за помошта од Македонија за Украина и за заштитата од хакерски напади за време на изборниот процес; со Оливер Спасовски, поранешниот министер за внатрешни работи, на тема поврзана со проблемот со промената на документите за лична идентификација.

При известувањето, ТВ Канал 5 го почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 11: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Канал 5***

| ТВ КАНАЛ 5 | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:45:28 | 9.19 % |

| | | |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:35:51 | 7.25 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:44 | 1.56 % |
| Либерално-демократска партија | 00:00:38 | 0.13 % |
| ДИК | 00:10:21 | 2.09 % |
| Влада | 00:57:29 | 11.62 % |
| Собрание | 00:11:47 | 2.38 % |
| Претседател | 00:05:41 | 1.15 % |
| Локална самоуправа | 00:06:54 | 1.40 % |
| Други субјекти | 01:20:58 | 16.37 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:30:28 | 6.16 % |
| Демократски сојуз | 00:03:55 | 0.79 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:15 | 0.05 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:15 | 0.05 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:05:10 | 1.04 % |
| Беса | 00:00:38 | 0.13 % |
| Јавно обвинителство | 00:13:01 | 2.63 % |
| Судство | 00:06:36 | 1.33 % |
| Граѓански сектор | 00:22:54 | 4.63 % |
| Експерти/аналитичари | 00:30:11 | 6.10 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:51 | 4.01 % |
| Левица | 00:08:57 | 1.81 % |
| АРМ | 00:00:25 | 0.08 % |
| Независни кандидати | 00:03:05 | 0.62 % |
| Граѓани | 00:19:35 | 3.96 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:21:06 | 4.27 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:07:37 | 1.54 % |
| Здравство | 00:15:07 | 3.06 % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:03:00 | 0.61 % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:01:04 | 0.22 % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:01:18 | 0.26 % |
| Европски сојуз за промени (алб. опозиција) | 00:04:44 | 0.96 % |
| Коалиција „ВРЕДИ“ | 00:05:12 | 1.05 % |
| ЗНАМ | 00:07:21 | 1.49 % |
| | **Вкупно = 08:14:36** | **100 %** |

**2. Посебни информативни емисии**:

***Пристапност на посебните информативни емисии***:

Ниту една посебна информативна емисија – интервју или дебата – емитувана на ТВ Канал 5 не беше прилагодена за лица со попреченост.

***<u>Интервјуа на изборни теми</u>***
(премиерно емитувани)

***<u>Табела 12: Интервјуа на ТВ Канал 5</u>***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **15.02.** | Африм Гаши, претседател на Алтернатива; | - кандидатурата на Арбен Таравари за претседател на државата;<br>- обединувањето на коалицијата - ВРЕДИ;<br>- улогата и поддршката на Албин Курти, премиерот на Косово;<br>- можни постизборни коалицирања; | **Само Интервју** |
| **22.02.** | Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, од редовите на ВМРО ДПМНЕ; | - функцијата како технички министер;<br>- проблемот со замената на старите пасоши/документи;<br>- подготовка на изборите;<br>- други актуелни политички теми; | **Само Интервју** |
| **29.02.** | Тито Петковски, поранешен претседател на Собранието; | - политичка анализа за Претседателските и за Парламентарните избори; | **Само Интервју** |
| **07.03.** | Бујар Османи, министер за надворешни работи, претседателски кандидат од ДУИ. | - неговата изјава дека живее само од функционерската плата;<br>- кандидатурата за претседател;<br>- предлогот за избирање претседател на државата од страна на Собранието;<br>- уставните измени;<br>- варијанти за постизборна соработка; | **Само Интервју** |

***<u>Дебати на изборни теми</u>***
(премиерно емитувани)

Од 15 февруари до 7 март, во рамките на дебатната емисија „Само вистина“ беа опфатени следниве главни теми: предвидувања и очекувања од претстојните претседателски и парламентарни избори; собирањето потписи и (можните) кандидатури за претседател; идејата на ДУИ претседателот на државата да се бира преку Собранието; предлогот претседател на државата да биде Албанец; очекувања за текот на изборната кампања; расколот во партијата Левица.

Взаемното влијание меѓу актуелните општествено-политички настани и тековните партиски активности околу двојниот изборен процес, во емисијата „Само вистина“ беше разработено и низ дебатни соочувања за: проблемот со издавањето нови лични документи; можноста за повторно отворање на т.н. „Хашки случаи“; измените на Кривичниот законик; лошите комуникациски практики на носители на јавни функции во односот кон новинарите (по повод непримерните изјави на Ковачевски, лидерот на СДСМ); условот на уставните измени како обврска на новата Влада.

***<u>Табела 13: Дебатни емисии на ТВ Канал 5</u>***

| ТВ КАНАЛ 5 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **16.02** | 1.Трифун Костовски, политички аналитичар;<br>2. Вело Марковски, независен кандидат за претседател; | **Само Вистина** |
| **19.02** | 1. Џевдет Хајредини, поранешен министер за финансии; | **Само Вистина** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Љубомир Гајдов, новинар;<br>(кусо линковско вклучување на Умејр Мухамеди, правник, граѓански активист); | |
| **20.02** | 1. Павле Трајанов, пратеник и претседател на Демократскиот сојуз;<br>2. Љупчо Зиков, новинар; | **Само Вистина** |
| **21.02** | 1. Петрит Сарачини, претседател на Институтот за медиуми и политика;<br>2. Љупчо Златев, новинар; | **Само Вистина** |
| **23.02** | 1. Драган Павловиќ Латас, новинар;<br>2. Агим Јонуз, политички аналитичар; | **Само Вистина** |
| **26.02** | 1. Јован Донев, политички аналитичар;<br>2. Никола Тодоров, поранешен министер за здравство и за образование;<br>(кусо линковско вклучување на аналитичарот Алберт Муслиу); | **Само Вистина** |
| **27.02** | 1. Јован Деспотовски, член на СДСМ и директор на ТИРЗ;<br>2. Стефан Андоновски, министер за информатичко општество и администрација од ВМРО ДПМНЕ; | **Само Вистина** |
| **28.02** | 1. Стојан Наумов, новинар;<br>2. Сафет Бишевац, новинар и поранешен пратеник;<br>3. Љуљзим Фаризи, политиколог; | **Само Вистина** |
| **01.03** | 1. Павле Арсоски, потпретседател на партијата ЗНАМ;<br>2. Благојче Атанасовски, политиколог; | **Само Вистина** |
| **05.03** | 1. Соња Мираковска, пратеничка од НСДП;<br>2. Миле Лефков, пратеник од ВМРО ДПМНЕ;<br>3. Арта Биљали Зендели, пратеничка од ДУИ; | **Само Вистина** |
| **06.03** | 1. Газменд Ајдини, политички аналитичар;<br>2. Богдан Илиевски, новинар. | **Само Вистина** |

Освен дебатните емисии со наведениот тематски опфат околу „предизборието“, важно е да се спомене и дебатата емитувана во изданието од 4 март, на тема: аномичноста на македонското општество, како предлошка за денешните состојби на дисфункционална држава, која се водеше меѓу д-р Мирјана Најчевска, универзитетска професорка, аналитичарка на општествено-политичките процеси, и Михајло Маневски, поранешен министер за правда.

### ***Други информативни емисии***

Во периодот од 15 февруари до 7 март во рамките на утринската програма „Здраво Македонијо“ гостуваа познати личности со различни професии, меѓу кои и актуелни политичари: Дејан Владев, градоначалник на Општина Свети Николе; Даниела Марковска, пратеничка од СДСМ; Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО ДПМНЕ; Мартин Костовски, пратеник од СДСМ; Ненад Коциќ, пратеник од СДСМ; Бојан Стојановски, пратеник од ВМРО ДПМНЕ; Дарио Николовски, директор на Агенцијата за енергетика; Снежана Калеска - Ванчева, пратеничка од СДСМ; Ѓоко Велковски, заменик - министер за труд и социјална политика во преодната Влада од ВМРО ДПМНЕ; Панче Тошковски, министер за внатрешни работи во преодната Влада од ВМРО ДПМНЕ; Марија Костадиновска, пратеничка од СДСМ.

## ТВ СИТЕЛ

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

ТВ Дневник од 19 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 15 февруари до 7 март 2024 година, беа анализирани 22 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 13 часа и 25 минути и 46 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание од ТВ Дневникот на ТВ Сител не беше приспособено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување***:

Најдолго присутни теми во ТВ Дневникот, главно составен од стандардните новинарски облици на вести (во низа) и на извештаи, беа мноштвото секојдневни, конкретни проблеми настанати поради истекот на важноста на документите за лична идентификација, прво на личен, индивидуален план (на пример - забуната кај македонските граѓани околу (не)можноста да се патува или како/дали воопшто ќе се гласа на претстојниот двоен изборен процес со старите патни исправи), а потоа и како директни последици врз различни гранки од македонското стопанство. Во опсегот на оваа тема влегуваа и прилозите за евидентното разногласие меѓу надлежните владини структури – МНР/МВР/ министер во преодната Влада од ВМРО ДПМНЕ – околу евентуалните начини за разрешување на овој клучен општествено-политички јазол. Друга значајна тема во централното издание на дневникот беше - континуираниот апел на Комисијата за здравство и на јавните здравствени установи до граѓаните за нужноста од вакцинација против „големата кашлица“, а бројни прилози беа реализирани и на тема – (не)организираноста на здравствениот систем околу лекувањето лица со специфични заболувања (посебно преку случајот на Леонид Индов и спорот на неговите родители со Фондот за здравство околу административните постапки). Оттаму главно произлегува статистиката на ставката – „други субјекти“. Како важни, неизбежни теми од реалната општествена сфера се наметнаа и – дебатата околу енергетската (не)зависност на државата (преку случајот со договорот за грчкиот инвеститор „Митилинеос“) и реакциите на граѓаните за завршувањето на владината мерка и „одмрзнувањето“ на цените на некои од основните прехрамбени производи од малопродажната понуда. Предизборието, и партиските активности поврзани со него, беа во втор информативен план зад новинарскиот приказ на посочената, секојдневна општествена проблематика, но сепак, редакцијата на ТВ Дневникот ја продолжи уредувачката практика – клучните интервјуа, со најповиканите чинители за актуелните општествено-политички настани поврзани со двојниот изборен процес, да ги реализира во рубриката – „Тема на денот“.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 14: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Сител***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:57:27 | 14.58 | % |
| СДСМ | 01:18:49 | 9.78 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:30:07 | 3.74 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:00 | 0.12 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК | 00:17:25 | 2.16 | % |
| Влада | 01:51:51 | 13.88 | % |
| Собрание | 00:06:54 | 0.86 | % |
| Претседател | 00:03:06 | 0.38 | % |
| Локална самоуправа | 00:14:20 | 1.78 | % |
| Други субјекти | 01:04:00 | 7.94 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:16:45 | 9.53 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:02:25 | 0.30 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:26 | 0.43 | % |
| Беса | 00:01:11 | 0.15 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:06 | 0.63 | % |
| Судство | 00:11:42 | 1.45 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:00 | 1.12 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:11:25 | 8.86 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:48 | 0.84 | % |
| Левица | 00:19:17 | 2.39 | % |
| Независни кандидати | 00:05:11 | 0.64 | % |
| Граѓани | 00:45:03 | 5.59 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:29:09 | 3.62 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:02:51 | 0.35 | % |
| Здравство | 00:10:29 | 1.30 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:00:57 | 0.12 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:08:13 | 1.02 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:03:11 | 0.40 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:24:11 | 3.00 | % |
| ЗНАМ | 00:24:24 | 3.03 | % |
| | **Вкупно = 13:25:46** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии**:

***Пристапност на посебните информативни емисии*** :

Ниту едно од интервјуата, кои ТВ Сител ги реализираше во централниот Дневник, не беше приспособено за лицата со попреченост.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 15: Интервјуа на ТВ Сител***

| **ТВ СИТЕЛ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **16.02.** | Александар Даштевски, претседател на ДИК; | - организациските активности на Комисијата во врска со двата изборни процеса; | |
| **19.02.** | Бојан Кордалов, комуниколог; | - политичка (не)култура во период на изборни процеси; (де)мотивација посебно на младите, како дел од гласачкото тело, за критичко | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | промислување на општествените и на политичките настани и појави; | |
| **21.02.** | Имер Селмани, политички аналитичар; | - анализа на изборниот процес за избор на претседател низ неговата лична визура со конкретно искуство како некогашен претседателски кандидат; | |
| **23.02.** | проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова, кандидатка за претседател на државата; | - мотивите за нова кандидатура за претседателската позиција;<br>- односот со другите претседателски кандидати;<br>- очекувања за поддршка ако влезе во вториот изборен круг;<br>- начинот на кој се води кампањата;<br>- постојната меѓународна позиција на Македонија;<br>- промените на македонскиот Устав; | |
| **24.02.** | Максим Димитриевски – претседател на партијата ЗНАМ, претседателски кандидат; | - потреба да се разбие начинот на досегашното владеење;<br>- проблемите околу собирањето потписи за претседателска кандидатура;<br>- коментар околу анкетите за личниот и за партискиот рејтинг на ЗНАМ;<br>- критика на дискриминаторските позиции поставени според постојниот Изборен законик;<br>- осуда за „трговијата со изборни гласови";<br>- „црвени линии" за македонскиот национален идентитет; | **Тема на денот**<br><br>**-** *редовна рубрика во ТВ Дневникот* |
| **25.02.** | Арбен Таравари – Коалиција ВРЕДИ, претседателски кандидат; | - расколот во Алијансата за Албанците;<br>- оптимизам околу можностите на коалицијата ВРЕДИ;<br>- идеја - избор на претседател на државата од страна на Собранието;<br>- барање политичко партнерство во текот на изборите; | |
| **26.02.** | проф. д-р Билјана Ванковска – претседателска кандидатка на партијата Левица; | - мобилизација на граѓаните за собирање потписи;<br>- визијата за Македонија и комплементарност со програмските принципи на партијата Левица;<br>- антиглобалистичка политичка позиција во изборниот процес;<br>- меѓународната позиција/дипломатските односи на Македонија;<br>- алтернативи на ЕУ и на НАТО; | |
| **27.02.** | Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО ДПМНЕ; | - првични предизборни пораки од собирањето потписи за кандидатурите за претседател на државата;<br>- Конвенција за промоција на д-р Гордана Силјановска - Давкова;<br>- можните коалицирања;<br>- коментар за другите кандидати;<br>- решавање на проблемот со патните исправи; | |
| **28.02.** | Димитар Ковачевски, претседател на СДСМ; | - кандидатурата на д-р Стево Пендаровски;<br>- конвенција на СДСМ;<br>- објаснувања за „пасошката криза" и партискиот однос кон Оливер Спасовски, поранешниот министер за внатрешни работи; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - коментар за анкетите;<br>- законски измени за платите на јавните функционери;<br>- енергетската (не)зависност на државата; | |
| **01.03.** | Бујар Османи, министер за надворешни работи, претседателски кандидат на ДУИ; | - досегашното политичко искуство како предност во изборниот процес;<br>- сфаќање на позицијата претседател на државата;<br>- коментар за идејата за избор на претседател на државата преку Собранието;<br>- осуда на етничкото како пресудно при гласањето;<br>- меѓународната позиција на Македонија, заканите од Русија и заштитата од страна на НАТО;<br>- решение за замената на документите за лична идентификација; | |
| **04.03.** | д-р Стево Пендаровски, претседател и претседателски кандидат на СДСМ; | - пресудните мотиви за нов претседателски мандат;<br>- граѓански кандидат/поддршка од СДСМ;<br>- компатибилноста на неговата кандидатура со програмските цели на СДСМ;<br>- одговор на опозициските предизборни критики;<br>- правно-политички можности/суспензивното вето на позицијата – претседател на државата;<br>- можна поддршка од ДУИ;<br>- очекувана поддршка од различни етникуми;<br>- коментар за состојбата на македонското малцинство во Бугарија; | |

Од 15 февруари до 7 март, во рубриката „Тема на денот" емитувани беа и следниве интервјуа, чија содржина во одреден, помалку-повеќе, далечен аспект се допира со актуелноста на предизборните активности околу претстојниот двоен процес за Претседателските и за Парламентарните избори: со Бисера Костадиновска – Стојчевска, министерката за култура, се разговараше за распределба на годинашниот буџет за култура; номинирање членови во комисиите за избор на проекти; со адвокатот Јанаки Митровски, за правните можности на граѓаните обесправени поради политичката неодговорност на извршната власт околу промената на документите за лична идентификација; со Зоран Љутков од ИК на ВМРО ДПМНЕ, се реализираше интервју што беше своевидна реплика на интервјуто со министерката за култура; со Ѓоко Велковски, заменикот - министер во МТСП (делегиран од ВМРО ДПМНЕ) што ги презентираше тековните состојби во ресорот – труд и социјална политика; со Славица Грковска, вицепремиерката за политики на добро владеење, која одговараше на тема за оправданоста на двегодишното постоење на сегментот на Владата што таа го раководи, а посебно за ингеренциите јасно да се одвојат – државните од партиските активности – во периодот на изборната кампања; со Јован Деспотовски, директорот на ТИРЗ, кој направи проценка на успешноста на привлекувањето на странските инвестиции и накусо коментираше околу актуелните анкети на јавното мислење за евентуалниот изборен исход; со д-р Илир Демири, министерот за здравство, кој зборуваше за законските регулативи за рехабилитација во странство, за стандардизацијата на процедурите во медицинските центри и за регулацијата и тековниот процес за имунизација на населението; со Крешник Бектеши, министерот за економија, кој го објаснуваше владиното разногласие околу Законот за стратешки инвестиции и околу (не)носењето на т.н. „стратешки закони", осврнувајќи се и на законските одредби и инспекциskiот надзор околу фиксните или менливите цени на одредени прехранбени продукти, а накусо го прокоментира и потенцијалот на ДУИ на претстојните избори; со Бојан Стојановски, пратеникот од ВМРО ДПМНЕ, кој ги појасни амандманските интервенции на опозициската партија во законите за усогласување на цените во малопродажбата, а ги критикуваше и спорните одлуки за доделување државна помош, договори и тендери за странски инвестиции, како и енергетска (не)зависност на државата; со Дарио Николовски, директорот на Агенцијата за енергетика, кој

ги расчленуваше надлежностите на Агенцијата, осврнувајќи се на „Стратегијата за развој на енергетиката“ и на постојната дебата околу стратешките инвестиции во секторот.

***<u>Други информативни емисии</u>***

Во рамките на утринската информативна емисија „На дневен ред“, реализирани беа две интервјуа на актуелни општествено-политички теми: на 21 февруари со Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, а на 4 март со Цветан Трипуновски, заменикот - министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, обајцата делегирани во преодната Влада од опозициската ВМРО ДПМНЕ. Основната тема на интервјуата беше – приказ на можни решенија за затекнатата состојба во соодветните ресори.

## <u>ТВ ТЕЛМА</u>

1. **Дневно-информативни емисии**:

***<u>Примерок за анализата</u>***:

Вести од 18:30 часот.

***<u>Број на анализирани изданија и вкупно времетраење</u>***:

Од 15 февруари до 7 март 2024 година, беа анализирани 22 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 9 часа 23 минути и 20 секунди.

***<u>Пристапност на вестите</u>***:

Ниту едно издание на Вестите на ТВ Телма не беше прилагодено за лицата со попреченост.

***<u>Главни теми и начин на известување</u>***:

Преку вести и извештаи, најчесто се известуваше за: проблемите со важноста на документите за лична идентификација, посебно за недостигот од обрасци за пасоши со новото уставно име на државата; собирањето граѓански/партиски потписи за претседателските кандидати; изборот на член на ДИК; разидувањето во партијата Алијанса за Албанците меѓу поддржувачите на Арбен Таравари и на Зијадин Села, а од другите актуелни општествени теми посебен новинарски информативен интерес (главно бележен под ставката – „*други субјекти*“) беше посветен на: престанувањето на важноста на мерките за гарантирани цени на производите од малопродажбата, односно за разликата меѓу минималната потрошувачка кошница и проекцијата за минималната плата; потоа за зголемениот број случаи со „голема кашлица“, како и за одлуката на државниот Фонд за здравствено осигурување да не го покрие лекувањето на тинејџерот Леонид Индов во странство.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Табела 16: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Телма</u>***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:33:06 | 5.88 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:25:28 | 4.52 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:33 | 1.52 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:26 | 0.08 | % |
| ДИК | 00:09:08 | 1.62 | % |
| Влада | 01:06:11 | 11.75 | % |
| Собрание | 00:03:44 | 0.66 | % |
| Претседател | 00:02:25 | 0.43 | % |
| Локална самоуправа | 00:33:09 | 5.88 | % |
| Други субјекти | 02:00:51 | 21.45 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:46:56 | 8.33 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:19 | 0.59 | % |
| Беса | 00:00:40 | 0.12 | % |
| Јавно обвинителство | 00:19:04 | 3.39 | % |
| Судство | 00:22:44 | 4.03 | % |
| Граѓански сектор | 00:50:16 | 8.92 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:13 | 2.17 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:15 | 2.35 | % |
| Левица | 00:04:15 | 0.75 | % |
| Независни кандидати | 00:02:27 | 0.44 | % |
| Граѓани | 00:12:55 | 2.29 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:18:04 | 3.21 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:06:26 | 1.14 | % |
| Здравство | 00:07:37 | 1.35 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:01:19 | 0.23 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:09:21 | 1.66 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:06:34 | 1.17 | % |
| Европски сојуз за промени (алб. опозиција) | 00:06:22 | 1.13 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:08:38 | 1.53 | % |
| Нова Алтернатива | 00:00:27 | 0.08 | % |
| ЗНАМ | 00:07:01 | 1.25 | % |
| Демократско движење (Изет Меџити) | 00:00:27 | 0.08 | % |
| | **Вкупно = 09:23:20** | **100** | **%** |

**2. Посебни информативни емисии**:

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>***:

Ниту една посебна информативна емисија – интервју или дебата – на ТВ Телма не беше прилагодена за лицата со попреченост.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 17: Интервјуа на ТВ Телма***

| **ТВ ТЕЛМА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **16.02.** | Оливер Спасовски, СДСМ, поранешен министер за внатрешни работи; | - проблемот со важноста на документите за лична идентификација;<br>- состојба во МВР што ја оставил Спасовски по истекот на министерскиот мандат;<br>- процедурата за набавка на обрасците за пасоши;<br>- (не)одговорност за постојната состојба;<br>- предизборна политизација на стандардната/пропишана процедура; | **Топ тема** |
| **28.02.** | Бојан Маричиќ, вицепремиер за европски прашања и член на СДСМ; | - колапсот на државните институции надлежни за замена на патните исправи и партиското/политичкото разногласие во информирањето за тој случај;<br>- ставот на органите во ЕУ и на поединечните држави за ова прашање;<br>- има ли прекршување на Преспанскиот договор;<br>- дали од изборните надежи за т.н. „Европски фронт“ остана само СДСМ;<br>- (не)можноста за продолжување на коалицијата со ДУИ и очекувања за претстојните избори; | **Топ тема** |
| **05.03** | Бујар Османи, министер за надворешни работи и претседателски кандидат на ДУИ; | - кандидат на ДУИ за претседател на државата;<br>- очекувања од двојниот изборен процес;<br>- идејата на ДУИ за избор на претседател на државата од страна на Собранието;<br>- состојбата со измените на Уставот;<br>- проценки за гласањето на дијаспората;<br>- (не)можноста да се гласа со документи со старото уставно име; | **Топ тема** |
| **06.03** | Стевчо Јакимовски, претседателски кандидат и лидер на партијата ГРОМ; | - може ли да ја наруши досегашната вообичаена доминација во смената на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ за прв човек на „Вила Водно“;<br>- за мотивите и плановите на претседателската кандидатура; | **Топ тема** |
| **07.03** | Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово, претседателски кандидат и лидер на партијата ЗНАМ; | - дали со номинацијата за претседателски кандидат ѝ помага на партијата и за парламентарните избори;<br>- проценка на сопствените шанси во изборниот процес;<br>- клучните изборни пораки и политичкиот/идеолошкиот профил на ЗНАМ. | **Вин вин** |

Релевантно со оглед на актуелноста, во прилог на горенаведените интервјуа може да се спомене и интервјуто со Љупчо Коцевски, новиот државен јавен обвинител, реализирано на 1 март во емисијата „Топ тема“, во кое беше прашан за работниот план со кој би ја подобрил слабата оценката од Европската Комисија дека државата не се справува со сеприсутноста на корупцијата во сите сегменти на државата.

***Дебати на изборни теми***
(премиерно емитувани)

Од 15 февруари до 7 март, во рамките на дебатните емисии беа опфатени следниве теми: очекувањата од изборниот процес; собирањето граѓански потписи за претендентите за претседателските избори; потенцијалот на претседателската кандидатура на Арбен Таравари и последиците од раздорот во Алијанса за Албанците; претседателските избори како увертира во парламентарните избори; - идејата на ДУИ за избор на претседател на државата од страна на Собранието, како услов за можни коалицирања во процесот на парламентарните избори; пресудноста на изборниот ривалитет меѓу Таравари и Ахмети; паралелизам/поклопување на процедурата од двојниот изборен процес; последиците од избрзаните измени на ИЗ; колапсот на институциите при замената на (не)важечките патни исправи и разногласието во државните информации за таа постапка, што воведува забуна кај граѓаните.

***Табела 18: Дебатни емисии на ТВ Телма***

| **ТВ ТЕЛМА** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **15.02.** | - Ненад Марковиќ, политиколог;<br>- Бесим Небиу, политички аналитичар; | **Топ тема** |
| **19.02.** | - Дафина Стојановска, пратеничка од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Снежана Калевска - Ванчева, пратеничка од СДСМ; | **Топ тема** |
| **20.02.** | - Сефер Селими, политички аналитичар од „Демократска лабораторија“;<br>- Џелал Назири, политички аналитичар од „Институт БИРЦ“;<br>- снимено интервју со Александар Кржаловски – политички аналитичар од МЦМС; | **Топ тема** |
| **22.02.** | - Илија Димовски, ИК на ВМРО-ДПМНЕ;<br>- Петре Шилегов, ИК на СДСМ; | **Вин вин** |
| **23.02.** | - Александар Даштевски, претседател на ДИК;<br>- Соња Николовска, новинарка;<br>- снимени интервјуа со: Александар Новаковски, поранешен претседател на ДИК; д-р Зоран Трајчевски, директор на АВМУ; | **Топ тема** |
| **29.02.** | - д-р Иванка Василевска, професорка, пратеничка од ВМРО ДПМНЕ;<br>- д-р Мирјана Најчевска, професорка, правен експерт од УКИМ;<br>- Башким Бакиу, коалиција ВРЕДИ; | **Вин вин** |
| **04.03.** | - Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>- проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>- Алберт Муслиу, политички аналитичар. | **Топ тема** |

На 21 и на 28 февруари, во актуелно-политичката емисија „Топ тема“ се дебатираше на економски теми, а конкретно за последиците од престанокот на важноста на гарантираните цени на некои од основните малопродажни производи, односно за опасностите од новиот т.н. - „ценовен шок“. Учествуваа: Слободан Трендафилов, претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија; Абил Бауш, економски аналитичар; проф. д-р Маја Геровска - Митев од УКИМ (преку снимено интервју); Благица Петрески, извршна директорка на „Finance think“ и Горан Ѓоргиески, потпретседателот на Сојузот на стопанските комори.

***Други информативни емисии***

Три премиерни изданија на „Код“, актуелно-информативната емисија со документаристички пристап, презентираа податоци за актуелните општествено-политички состојби континуирано новинарски обработувани и во ТВ Дневникот за периодот од 15 февруари до 7 март. Опфатени беа следниве теми: незавршеноста на проектот за енергетско поврзување со Република Албанија; обвинувања меѓу двете најголеми политички партии - ВМРО ДПМНЕ и СДСМ околу потенцијални криминални дејствија поврзани

со тендери за РЕК Битола и со договори за ЕСМ, а редакцијата на емисијата ги истражуваше и состојбите околу фирмата на Дрин Ахмети, внукот на Али Ахмети, лидерот на владејачката партија ДУИ.

## САТЕЛИТСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 24 ВЕСТИ

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Дневник од 20:00 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 15 февруари до 7 март 2024 година беа анализирани 22 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 9 часа 13 минути и 36 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Сите изданија на анализираниот ТВ Дневник беа прилагодени за лицата со попреченост со знаковен јазик.

***Главни теми и начин на известување***:

Преку вести и извештаи најчесто се известуваше за: кризата со издавањето документи за лична идентификација со новото име на државата; составот на преодната Влада и изборот на Талат Џафери за премиер; подготовките за претседателските избори и кандидатите што успеаја да соберат потписи за претседателската кандидатура; расколот во Алијанса за Албанците и обединувањето на блок опозициски партии на Албанците; позиционирањето на партиите пред Парламентарните избори; анализа на случаи за предвремен почеток на изборна кампања; барањето од Советот на Европа за активирање на т.н. „Хашки случаи"; поскапувањата и растот на вредноста на синдикалната потрошувачка кошница и истекот на владините мерки за гарантирани цени на малопродажни продукти; контроверзните случаи на државна (не)организираност околу лекувањето на младите Леонид Индов и Јани Иванов, со лоцирање првична одговорност во Фондот за здравство; реакциите на новинарските асоцијации за враќањето на т.н. „државно рекламирање" во медиумите; предложените измени во Законот за игри на среќа; постојните проблеми со вработувањата и со платите во здравството; како и за епидемијата на „големата кашлица".

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, од член 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 19: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ 24 Вести***

| ТВ 24 ВЕСТИ | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:30:26 | 5.50 % |
| СДСМ | 00:41:07 | 7.43 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:20:54 | 3.77 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:31 | 0.09 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:02:00 | 0.36 % |
| ДИК | 00:08:30 | 1.54 % |
| Влада | 01:55:30 | 20.86 % |

| | | |
|---|---|---|
| Собрание | 00:10:53 | 1.71 % |
| Претседател | 00:07:58 | 1.44 % |
| Локална самоуправа | 00:06:10 | 1.11 % |
| Други субјекти | 01:14:14 | 13.41 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:29:52 | 5.39 % |
| Демократски сојуз | 00:00:42 | 0.13 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:03:27 | 0.62 % |
| Јавно обвинителство | 00:12:26 | 2.25 % |
| Судство | 00:11:34 | 2.09 % |
| Граѓански сектор | 00:15:05 | 2.72 % |
| Експерти/аналитичари | 00:21:27 | 3.87 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:05 | 1.64 % |
| Левица | 00:04:49 | 0.87 % |
| Независни кандидати | 00:01:58 | 0.36 % |
| Граѓани | 00:36:28 | 6.59 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:11:26 | 2.06 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:07:04 | 1.27 % |
| Здравство | 00:35:28 | 6.41 % |
| Култура (институции и организации) | 00:04:08 | 0.75 % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:00:53 | 0.16 % |
| Данела Арсовска | 00:01:26 | 0.26 % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:03:14 | 0.58 % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:11:16 | 2.04 % |
| Европски сојуз за промени (алб. опозиција) | 00:03:34 | 0.64 % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:06:31 | 1.18 % |
| ЗНАМ | 00:03:32 | 0.64 % |
| | **Вкупно = 09:13:36** | **100 %** |

Во предизборниот период опфатен со анализата, информативната редакција емитуваше еден осврт околу подготовките за Претседателските и за Парламентарните избори, со фокус кон фактички прерано започнатата предизборна кампања и злоупотребата државни ресурси за партиски активности.

## 2. **Посебни информативни емисии**:

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>***:

Ниту една посебна информативна емисија – интервју или дебата – на ТВ 24 Вести не беше прилагодена за лица со попреченост.

***<u>Интервјуа на изборни теми</u>***
(премиерно емитувани)

| ***<u>Табела 20: Интервјуа на ТВ 24 Вести</u>*** | **ТВ 24 ВЕСТИ** | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **16.02.** | д-р Сефер Тахири, политички аналитичар; | - превирања во Алијанса за Албанците;<br>- кандидатурата на Арбен Таравари за претседател на државата;<br>- можноста Али Ахмети (ДУИ) да се кандидира за претседател на државата;<br>- можни победници кај партиите на Албанците; | **Аргумент плус** |
| **16.02.** | Две одделни интервјуа со:<br><br>1. Бујар Османи, министер за надворешни работи (ДУИ);<br><br>2. Никола Тодоров, политички аналитичар (ВМРО ДПМНЕ); | - замена на документи за лична идентификација;<br>- Закон за игри на среќа;<br>- реактивирање на т.н. „Хашки случаи“;<br>- евроинтеграција;<br>- уставни измени;<br>- состојби во здравството;<br>- претстојните Парламентарни и Претседателски избори;<br>- состојбата во судскиот систем; | **Трилинг** |
| **19.02.** | Фатмир Битиќи, вицепремиер (СДСМ); | - замена на личните документи;<br>- предизборието и шансите на СДСМ на изборите;<br>- економските политики на досегашната власт;<br>- превирањата во АА и здружената опозиција во блокот партии на Албанците;<br>- инвестиции во енергетскиот сектор; | **Студио 10** |
| **21.02.** | Одделни разговори со новинарите:<br>- Александар Чомовски<br>- Љубиша Николовски<br>(*аналитичари на политичката сцена*); | - партиските комбинаторики за парламентарните и за претседателските избори;<br>- можни кандидати за претседател на државата;<br>- позиционирањето на партиите од албанскиот блок;<br>- предизборната кампања; | **Студио 10** |
| **22.02.** | Никола Тасев, политички аналитичар и колумнист; | - претседателските избори и можните кандидати;<br>- насоката на предизборната кампања;<br>- можните коалиции за формирање на идната влада;<br>- уставните измени; | **Студио 10** |
| **22.02.** | Исен Салиу, новинар и политички аналитичар; | - претседателските избори и Бујар Османи како кандидат на ДУИ;<br>- групирањата во политичкиот блок на Албанците;<br>- можни коалициски партнери на ВМРО ДПМНЕ во блокот партии на Албанците;<br>- расколот во Алијанса за Албанците;<br>- предизборната кампања; | **Аргумент плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **23.02.** | Благојче Атанасовски, политички аналитичар; | - изборите и насоката на предизборната кампања;<br>- кандидатите за претседатели на државата;<br>- можностите за коалиции и формирање на идната влада;<br>- обединувањето на опозицијата во политичкиот блок на Албанците; | **Аргумент плус** |
| **23.02.** | Сефер Селими, политички аналитичар; | - претстојните избори и предизборната кампања;<br>- групирањата во политичкиот блок на Албанците;<br>- уставните измени како предизвик за идната влада;<br>- калкулациите за поддршка во вториот круг од претседателските избори; | **Трилинг** |
| **26.02.** | Ивон Величковски, поранешен пратеник/предводник на новото движење/иницијатива - Нова република; | - политичкиот амбиент во државата;<br>- претстојните избори и кампањата;<br>- интеграцијата на државата во ЕУ; | **Студио 10** |
| **26.02.** | д-р Трајко Славески, ВМРО ДПМНЕ/Совет на Град Скопје; | - иницијативата за помош од Град Скопје за Леонид Индов;<br>- моделот за избор на претседател на државата;<br>- можноста за формирање влада на ВМРО ДПМНЕ и ДУИ;<br>- односите во Советот на Град Скопје;<br>- проблемите во односите со градоначалничката Данела Арсовска; | **Аргумент плус** |
| **28.02.** | проф. д-р Ана Чупевска, професорка по политички науки | - интеграцијата во ЕУ;<br>- насоката во која се движи државата наспроти геополитичките околности;<br>- предизборната кампања;<br>- етнопопулизмот во пристапот на опозициските партии; | **Студио 10** |
| **29.02.** | Џелал Хоџиќ, лидер на партијата СДА-Македонија и заменик-директор на државната Агенција за остварување на правата на заедниците; | - претседателските избори и кандидатите;<br>- уставните измени и интеграцијата во ЕУ;<br>- прегрупирањето во политичкиот блок на Албанците;<br>- можни коалиции за формирање на идната влада; | **Студио 10** |
| **29.02.** | д-р Вело Марковски, независен претендент за претседател на државата; | - претседателските избори и кандидатурата на Марковски;<br>- процесот за собирање потписи;<br>- односот на ВМРО ДПМНЕ кон неговата кандидатура;<br>- интеграцијата во ЕУ;<br>- уставните измени и Преспанскиот договор;<br>- клиентелизмот и партизирањето на општеството; | **Студио 10** |
| **29.02.** | Зијадин Села, Алијанса за Албанците; | - расколот во АА;<br>- можноста крилото на Села да претстави свој кандидат за претседател; | **24 анализа** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - уставните измени и европската насока на државата; | |
| **01.03.** | Мерсиха Смаиловиќ, кандидатка за претседател на државата; | - положбата на бошњачката заедница во македонското општество;<br>- меѓуетничките односи и поделбите во општеството;<br>- бирократските пречки за кандидатурите на независните кандидати;<br>- потребата од избор на жена за претседател на државата; | **Трилинг** |
| **06.03.** | Дарко Костовски, градоначалник на Бутел и член на ИК на ВМРО ДПМНЕ; | - кампањата за Претседателските и Парламентарните избори;<br>- кандидатите за претседател;<br>- предизборните анкети;<br>- уставните измени и идната влада; | **Студио 10** |
| **06.03.** | Стојанче Ангелов, претседател на партијата Достоинство | - позиционирањето на Достоинство на парламентарните избори;<br>- напуштањето на владината коалиција;<br>- можноста за коалиции по изборите; | **Студио 10** |

***<u>Дебати на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

Од 15 февруари до 7 март, во рамките на дебатните емисии беа опфатени следниве теми: - очекувањата од изборниот процес и актуелни општествено-политички настани; - наративите на политичките партии во кампањата; - подготовка за предизборната кампања; - (не)демократски амбиент и политичка (не)култура; - состојбите во блокот политички партии на Албанците; - (не)довербата на граѓаните во политичките партии и во демократскиот систем; - можни кандидати за претседател на државата и нивните профили; - комбинаторики за парламентарните и за претседателските избори; - интеграцијата во ЕУ и уставните измени како предизвик за идната влада; - потенцијалите за правење коалиции; - проблемот со замената на документите за лична идентификација; - „Преспанскиот договор" и неговото спроведување; - уставните измени и идната власт.

***<u>Табела 21: Дебатни емисии на ТВ 24 Вести</u>***

| **ТВ 24 ВЕСТИ** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **15.02.** | 1. Мартин Костовски, СДСМ;<br>2. Миле Лефков, ВМРО ДПМНЕ; | **24 Анализа** |
| **19.02.** | 1. Гоце Пачемски, политички аналитичар;<br>2. Башким Бакиу, експерт, ангажиран во тимот на Арбен Таравари;<br>3. Наум Стоилковски, ВМРО ДПМНЕ;<br>4. Богданка Кузеска, СДСМ; | **24 Анализа** |
| **20.02.** | 1. Благојче Атанасовски, политички аналитичар;<br>2. Бесим Небиу, политички аналитичар;<br>3. Марјан Ѓорчев, политички аналитичар; | **24 Отворено** |
| **21.02.** | 1. Самоил Малчевски, универзитетски професор;<br>2. Алберт Муслиу, политички аналитичар; | **Студио 10** |
| **21.02.** | 1. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>2. Висар Адеми, политички аналитичар;<br>3. Столе Наумов, новинар; | **24 Анализа** |

| | | |
|---|---|---|
| **22.02.** | 1. Сашо Клековски, ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Костадин Костадинов, СДСМ; | **24 Анализа** |
| **26.02.** | 1. Бране Петрушевски, ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Дарко Каевски, СДСМ; | **Студио 10** |
| **26.02.** | 1. Весна Бендевска, ЗНАМ;<br>2. Костадин Ацевски, СДСМ;<br>3. Илми Азири, Алијанса за Албанците (крило на Зијадин Села); | **24 Анализа** |
| **27.02.** | 1. Абдулади Вејсели, поранешен пратеник (ПДП)<br>2. Илија Димовски, поранешен пратеник (ВМРО-ДПМНЕ)<br>3. Јани Макрадули, поранешен пратеник (СДСМ) | **24 Отворено** |
| **28.02.** | 1. Даниела Колева, пратеничка, СДСМ;<br>2. Петар Ристески, пратеник, ВМРО ДПМНЕ; | **Студио 10** |
| **28.02.** | 1. Бобан Карапејовски, ЗНАМ;<br>2. Маја Морачанин, ДОМ;<br>3. Зоран Димитровски, Демократски сојуз; | **24 Анализа** |
| **04.03.** | 1. Ѓулистана Марковска, поранешна пратеничка;<br>2. Мерсел Биљали, политички аналитичар и поранешен пратеник; | **Студио 10** |
| **04.03.** | 1. Марјан Ѓорчев, поранешен дипломат;<br>2. Лазар Еленовски, поранешен дипломат;<br>3. Нано Ружин, поранешен дипломат; | **24 Анализа** |
| **05.03.** | 1. Имер Селмани, поранешен претседателски кандидат;<br>2. Антонијо Милошоски, ВМРО ДПМНЕ; | **24 Отворено** |
| **07.03.** | 1. Горан Мисовски, НСДП;<br>2. Влатко Ѓорчев, ВМРО ДПМНЕ. | **24 Анализа** |

***Други информативни емисии***

Во периодот одреден за анализа евидентирано е едно, повеќепати репризирано, издание од говорната-шоу програма насловена „Агенда 21“, кое беше посветено на тема – состојбите со животната средина во Македонија, а опфати и четириесетминутно интервју со Каја Шукова, министерката за животна средина и просторно планирање. Министерката Шукова зборуваше за теми од ресорот што го раководи: селектирањето отпад и проблемите со депониите, пречистителните станици и третирањето на отпадните води, депониите со линдан на „ОХИС“, малите хидроцентрали на планинските реки и забраната на пластичните кеси.

## КАБЕЛСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## <u>ТВ 21-М</u>

### 1. Дневно-информативни емисии*:*

***<u>Примерок за анализата</u>:***

Вести во 19:00 часот.

***<u>Број на анализирани изданија и вкупно времетраење</u>***:

Од 15 февруари до 7 март анализирани се 22 изданија на централните вести (на албански јазик), со вкупно времетраење на анализираните прилози од 6 часа 49 минути и 15 секунди.

***<u>Пристапност на вестите</u>***:

Ниту едно издание на централните вести на ТВ 21-М не беше приспособено за лицата со попреченост.

***<u>Главни теми и начин на известување</u>:***

Во овој извештаен период, во однос на темите под збирен наслов - „предизборие“, ТВ 21-М во централното издание на Вестите најчесто известуваше за: раздорот во Алијанса за Албанците и за судирот меѓу актуелниот и поранешниот партиски лидер – д-р Арбен Таравари и д-р Зијадин Села, како и за коалициското обединување на неколку опозициски партии на Албанците под слоганот ВРЕДИ; одлуката на ДУИ да настапи самостојно на изборите и реакциите од страна на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ против идејата претседател на државата да се бира преку Собранието; подготвителните изборни активности и партиските соопштенија за конечниот избор на претседателските кандидати; кандидатурите на д-р Гордана Силјановска Давкова, на д-р Стево Пендаровски, на д-р Арбен Таравари и на д-р Бујар Османи, проследени со анализа од политиколози и од експерти за односи со јавноста. Мал информативен простор беше отстапен и за независните кандидати за претседател, а во тој опфат влегоа и прилозите за кандидатурите на д-р Билјана Ванковска, поддржана од партијата Левица, Стевчо Јакимовски, кандидатот на партијата ГРОМ, Максим Димитриевски, кандидиран како лидер на партијата ЗНАМ и на Мерсиха Смаиловиќ, претендентка за кандидатка од Бошњачкиот демократски сојуз. Телевизијата известуваше и за редовните активности на ДИК во прилог на двојниот изборен процес.

Значајно време во сите изданија на дневно-информативните емисии беше одвоено и за проблемите со издавањето на личните документи, при што беа пренесувани изјави и од Панче Тошковски, министерот за внатрешни работи во преодната Влада, номиниран од опозициската ВМРО ДПМНЕ, и од Митко Бојмацалиев, дополнителниот заменик - министер, номиниран од владејачката СДСМ. Околу дилемите - дали постојните документи за лична идентификација ќе важат и за гласањето, беа презентирани и ставовите на Талат Џафери, премиерот на преодната Влада, и на Александар Даштевски, претседателот на ДИК. Често застапена тема беше и нискиот степен на вакцинација против „големата кашлица“, претставена и преку работата на Министерството за здравство и на надлежните јавни медицински установи. Во контекст на (не)функционалноста на македонскиот здравствен систем беа ставени и низата прилози околу проблемите со лекувањето и рехабилитацијата на Леонид Индов, издвоен како пример за специфичен случај на лице со тешка здравствена состојба. Низ бројни прилози редакцијата информираше и за тековни протести и штрајкови во повеќе општествени области (јавен превоз/здравствени работници/универзитетски синдикати/синдикат на судски служби, и др.) како и за можните последици од завршувањето на мерката за гарантирана цена на одредени малопродажни производи.

ТВ 21-М при известувањето го почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења, и овозможи слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, како што е предвидено со членот 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Табела 22: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ21-М</u>***

| ТВ 21-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:32:04 | 7.84 | % |
| СДСМ | 00:36:07 | 8.83 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:32:31 | 7.95 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:32 | 0.13 | % |
| ДИК | 00:08:24 | 2.05 | % |
| Влада | 00:39:21 | 9.62 | % |
| Собрание | 00:07:37 | 1.86 | % |
| Претседател | 00:00:27 | 0.11 | % |
| Локална самоуправа | 00:07:48 | 1.91 | % |
| Други субјекти | 01:03:49 | 15.59 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:28 | 1.58 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:38 | 0.40 | % |
| Јавно обвинителство | 00:07:58 | 1.95 | % |
| Судство | 00:06:17 | 1.54 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:36 | 4.54 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:09 | 1.75 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:54 | 0.46 | % |
| Левица | 00:03:38 | 0.89 | % |
| АРМ | 00:02:57 | 0.72 | % |
| Независни кандидати | 00:04:18 | 1.05 | % |
| Граѓани | 00:06:09 | 1.50 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:13:08 | 3.21 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:06:32 | 1.59 | % |
| Здравство | 00:10:20 | 2.53 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:02:14 | 0.55 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:17:00 | 4.15 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:17:42 | 4.33 | % |
| Европски сојуз за промени (алб. опозиција) | 00:00:59 | 0.24 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:36:36 | 8.94 | % |
| ЗНАМ | 00:04:12 | 1.03 | % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:02:24 | 0.59 | % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:02:24 | 0.59 | % |
| | **Вкупно = 06:49:15** | **100** | **%** |

2. **<u>Посебни информативни емисии</u>**:

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>*** *:*

Ниту една од посебните информативни емисии – интервјуата и дебати – што ТВ 21-М ги реализираше во мониторираниот предизборен период, не беше приспособена за лицата со попреченост.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 23: Интервјуа на ТВ21-М***

| | **ТВ 21-М** | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **15.02.** | д-р Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО ДПМНЕ; | - проблемот со патните исправи;<br>- Претседателските и Парламентарните избори; | **Клик плус** |
| **19.02.** | д-р Арбен Таравари, претседател на Алијанса за Албанците; | - несогласувањата во АА;<br>- претседателските и парламентарните избори; | **Клик плус** |
| **20.02.** | Дитмире Шеху, потпретседателка на ДИК; | - комплетирање на составот на ДИК и процедурата за Претседателските и за Парламентарните избори;<br>- одлуката на ДИК во однос на поделбата во АА – д-р Таравари/д-р Села;<br>- идентификацијата на гласачите;<br>- обврските на политичките партии со изборниот Роковник;<br>- вкупниот буџет за двојните избори;<br>- дневниците за претставниците на општинските комисии и на избирачкиот совет; | **10 Минути** |
| **23.02.** | Митко Бојмацалиев, дополнителен заменик министер за внатрешни работи; | - кои држави дозволуваат влез со пасош со старото државно име;<br>- револтот на граѓаните, причините поради кои доцнат патните исправи;<br>- тендерот и доцнењето на обрасците за патни исправи;<br>- (не)согласувањето со Тошковски (министер за внатрешни работи номиниран од ВМРО ДПМНЕ); | **10 Минути** |
| **27.02.** | Наим Бајрами, портпарол на Алијанса за Албанците; | - состојбата во Алијанса за Албанците;<br>- политичките калкулации на претстојните избори;<br>- можната соработка со ДУИ;<br>- внатрепартиските анализи за настап на изборните процеси;<br>- можни носители на листите за изборните единици 5 и 6; | **10 Минути** |
| **28.02.** | Јетон Шаќири, министер за образование и наука; | - зголемувањето на платите во државните универзитети;<br>- политизација на случајот со неотвореното школо во Визбегово;<br>- Бујар Османи, претседателски кандидат на ДУИ;<br>- изборните калкулации меѓу ДУИ и Алијансата за Албанците; | **10 Минути** |
| **04.03.** | Африм Гаши, претседател на партијата Алтернатива; | - политичката понуда на коалицијата ВРЕДИ на претстојните двојни избори; | **Клик плус** |
| **05.03.** | Арбер Адеми, пратеник и потпретседател на ДУИ; | - платите на професорите и од државните универзитети;<br>- анализа на претстојните избори;<br>- можна ли е соработка со партиското крило на АА предводено од д-р Зијадин Села; | **10 Минути** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **06.03.** | д-р Илир Демири, министер за здравство; | - состојбата на здравствениот систем и (не)справувањето со „големата кашлица“;<br>- можностите на Алијансата за Албанците на изборите. | **10 Минути** |

***Дебати на изборни теми***

(премиерно емитувани)

Сите дебати за темата – „предизборие“ - во периодот од 15 февруари до 7 март, ТВ 21-М ги организираше во емисијата „Клик плус“. Политиколози и политички аналитичари го анализираа предизборниот амбиент низ визурата на тековните анкети на јавното мислење и низ политичките профили на кандидатите за претседател на државата, а претставници на најголемите политички партии од власта и од опозицијата дебатираа за сегашните партиски позиции во однос на различни актуелни општествено-политички настани, состојби и случувања.

***Табела 24: Интервјуа на ТВ21-М***

| **ТВ 21-М** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **22.02.** | - Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>- Фатон Халити, политички аналитичар;<br>- проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар; | **Клик плус** |
| **26.02.** | - Крешник Бектеши, министер за економија и претставник од ДУИ;<br>- д-р Халил Снопче, професор и претставник од Алијансата за Албанците (огранок предводен од д-р Таравари); | **Клик плус** |
| **29.02** | - Снежана Калевска Ванчева, пратеничка од СДСМ;<br>- Благица Ласоска, пратеничка од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Арта Биљали, пратеничка од ДУИ; | **Клик плус** |
| **07.03.** | - Игор Јанушев, пратеник од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Кастриот Реџепи, претставник на опозициската коалиција ВРЕДИ;<br>- Миле Талевски, пратеник од СДСМ. | **Клик плус** |